ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21 – 132/3**

**Дата: 03.03.2014**

**ДО**

**НУ ФИЛМСКИ ФОНД НА РМ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на НУ Филмски фонд на РМ (во натамошниот текст ФФРМ) - сметка на основен буџет (603-17) за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, во однос на финансиската состојба на Филмскиот фонд на Република Македонија на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум изразуваме мислење со резерва, додека за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, изразуваме негативно мислење.

Со ревизијата констатиравме дека ФФРМ нема воспоставено систем кој ќе обезбеди целосно објективен и независен избор на филмски проекти кои ќе бидат финансиски подржани од страна на ФФРМ по пат на егзактно оценување на фактори кои се од битно значење за успешна реализација на квалитетен филмски проект. Склучените договори не содржат претходно дефинирана крајна верзија на буџетот на поддржаните филмски проекти што треба да претставува основа за вршење на финансиска контрола за наменското и законското трошење на доделените средствата.

Констатиравме неуредно евидентирање на извршените готовинските исплати од страна на продуцентските куќи, исплати врз основа на бланко сметкопотврди или сметкопотврди и фискални сметки со нејасна содржина како и поединечни двојни исплати во готовина. Вообичаена пракса на продуцентските куќи е да вршат надминување на висината на средствата особено за исплата со авторски договори за поедини позиции кои не се директно поврзани со креативниот дел од процесот, како и исплата на позиции кои воопшто не се дел од доставените буџети до ФФРМ

и за лица кои не се појавуваат на одјавниот кајрон од проектот. Дадена е позајмица од една продуцентска куќа на друга која потоа неосновано е вратена на редовната сметка наместо на наменската сметка на продуцентската куќа при што не е обезбедена документација за која намена понатаму овие средства биле употребни. Констатиравме и исплати кои во значителен износ ги надминуваат износите кои се наведени во договорот за ангажман на лица за потреби на проектите како и исплати по примени фактури со нејасна содржина и за кои не е приложена соодветна поткрепувачка документација.

Во склучените договори со продуцентските куќи не е извршено дефинирање на сопственоста на стоките кои се набавени за потребите на снимањето, а од страна на поедини продуцентски куќи вршени се набавки на стоки кои не се во функција на снимањето на филмскиот проект.

ФФРМ нема систематизирано и воспоставено единица за внатрешна ревизија во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Во поглед на материјалното и финансиското работење на ФФРМ утврдивме слабости при разграничувањето на надлежностите и одговорностите на вработените во секторот за финансиско работење и пропишан диспропорционално висок износ на благајнички максимум.

За надминување на ваквите состојби, укажуваме дека одговорните лица во ФФРМ треба да преземат активности кои ќе обезбедат воспоставување на внатрешна контрола врз наменското и законското користење на средствата кои се трансферираат на продуцентските куќи како и усвојување на интерен акт во кој ќе се пропише начинот на изработка на буџет и негово формализирање како составен дел и прилог на договорите меѓу ФФРМ и продуцентските куќи.

ФФРМ да инсистира на доставување на целосна, ажурна и уредна изработка и приложување на комплетната документација од страна на продуцентските куќи во врска со извршените исплати за реализација на филмските проекти, а во случај на утврдени ненаменски или незаконски исплати да се побара поврат на средствата од продуцентските куќи.

Со оглед на тоа што согласно на Законот за филмска дејност кој стапи на сила од 01.01.2014 година, ФФРМ ќе се трансформира во Агенција за филм, постапувањето по дадените препораки станува обврска на Агенцијата за филм.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 22 до 24 заедно со ревизија на усогласеност на ФФРМ - сметка на основен буџет 603-17, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Филмскиот фонд на РМ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Дарко Башески, директор од 25.12.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ФФРМ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази кои што ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.07.2013 до 31.10.2013 кај ФФРМ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 03.12.2013 година.

На ден 27.01.2014 година под архивски број 21 – 132/1 добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Овластениот државен ревизор од Филмскиот фонд на РМ, сметка на основен буџет 603-17. По истекот на рокот за забелешки, на ден 12.02.2014 добиен е нов допис со прилог докази како одговор/забелешки на Нацрт извештајот, заведени под бр. 21-132/2.

Забелешките се разгледани и делумно е прифатена дадената забелешка по точките 3.1.1. алинеа 1 и 3.2.1., додека целосно е прифатена забелешката за наодите во точките 3.2.5, 3.2.7 и 3.3.6 при што извршени се соодветни промени во утврдената состојба со Нацрт извештајот, и променето е ревизорското мислење за финансиските извештаи од негативно, во мислење со резерва. Останатите забелеши не се прифатени.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1 Интерни контроли

3.1.1. Ревизијата констатира дека одговорните лица во ФФРМ немаат воспоставено систем на интерни контроли со кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите на вработените во секторот за финансиско работење со цел да се намали ризикот од плаќања на некомплетна и непотврдена документација согласност член 6 и 11 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и членот 17 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Во врска со наведеното ги констатиравме следните слабости и неправилности:

- Утврдивме недостатоци при евидентирањето на финансиските промени во двете благајни со кои располага ФФРМ (денарска и девизна) при што благајничките извештаи не се потпишуваат од вработени во ФФРМ како потврда за точноста на прикажаните податоци, истите немаат реден број, и не се хронолошки наредени согласно на временскиот период на настанување на промените.
- Во текот на 2012 година сметководствената евиденција и благајната ги води едно исто лице со што не е извршено фактичко разграничување на должностите при евидентирањето на промените во овие две евиденции. Вака

воспоставениот систем на евидентирање не е во согласност со член 20 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и создава ризик од појава на измами и грешки при евидентирањето на финансиските промени во благајната.

- Со одлука на УО на ФФРМ за утврдување на висината на благајничкиот максимум за денарски и девизни средства од 2011 година пропишана е диспропорционално висок износ на благајнички максимум за двете благајни на ФФРМ во однос на вкупниот промет реализиран преку истите. Притоа за денарската благајна предвиден е износ во висина од 80 илјади денари или 66% од вкупно оствареният промет кој изнесува 121 илјада денари за 2012 година, додека за девизната благајна е предвиден износ на благајнички максимум во висина од 3000 евра или околу 180 илјади денари односно 26% од вкупно оствареният промет кој изнесува 680 илјади денари за 2012 година. Не се наведени причините поради кои на ФФРМ му е потребна ваква висина на благајничките максимуми и истата создава можност од ненавремено враќање на подигнати аванси и времено финансирање на поединци со буџетски средства.

**Препораки:**

1. Директорот да преземе мерки за воспоставување на систем на интерни контоли и да изврши комплетно фактичко разграничување на позицијата сметководител од позицијата благајник.
2. Да се зголеми уредноста и ажурноста при евидентирањето на финансиските промени во благајната, а за точноста на тврдењата во благајничките извештаи со свој потпис да гарантира лицето кое ги изготвува и уште едно лице – контролор назначен од директорот на институцијата.
3. УО на новоформиранаta Агенција за филм да донесе одлука за намалување на висината на благајнички максимуми на ниво кое ќе се обезбеди користење на буџетските средства единствено за потребите на Агенцијата.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

Во согласност со член 4 од Законот за филмскиот фонд, ФФРМ секоја година распишува јавен конкурс за доделување на финансиски средства за филмски проекти. Преку оваа сметка во текот на 2012 година е обезбедена финансиска поддршка за филмски проекти кои се составен дел на Годишната програма на ФФРМ. Исплатени се средства во вкупен износ од 217.730 илјади денари за 31 филмски проект, како и 4.647 илјади денари за останати активности на ФФРМ (учество на фестивали, организација на фестивали во земјата итн). Со оглед на спецификите при реализацијата на филмските проекти и нивното повеќегодишно финансирање од страна на ФФРМ извршениот увид опфаќа проекти кои се влезени во Годишните програми на ФФРМ започнувајќи од 2008 година при што извршивме анализа на 18 филмски проекти за кои заклучно со 2012 година

исплатен е вкупен износ во висина од 183.303 илјади денари и 3 филмски фестивали за кои е исплатен износ од 2.650 илјади денари.

Во постапката за избор на проектите по програмите кои се финансирани од ФФРМ и при нивната реализација констатиравме повеќе слабости кои се однесуват на следното:

3.2.1. Изборот на филмски проекти кои ќе бидат финансиски поддржани од страна на ФФРМ преку Годишната програма се одвива на начин кој е предвиден во членовите 19-25 од Законот за филмски фонд. Согласно на овие одредби Годишната програма на предлог на директорот на ФФРМ ја донесува УО. Директорот на ФФРМ има обврска да формира советодавни тела и да ангажира надворешни соработници за подготовка на Годишната програма, при што извршено е ангажирање на надворешни лица – рецезенти на сценарија за предложените долгометражни филмови за чие што поуспешно работење развиена е и соодветна методологија која содржи давање на бодовна оцена на предложените филмски проекти единствено во делот на сценариото и можноста за поширока дистрибуција на проектот. Овие лица не се задолжени да вршат анализа и на останатите прашања од битно значење за успешната реализација на филмските проекти (капацитетот на продуцентот и режисерот за реализација на проектот, реалистичност на предложената финансиска конструкција на проектот, законско и наменско трошење на средства од претходно поддржани проекти, листа на лица на креативни позиции, жанр на филмот, ефекти кои ќе се постигнат со негова реализација итн), ниту пак се ангажирани околу давање на оценка за останатите предложени проекти кои се финансираат со Годишната програма – краткометражни филмови (КМ), документарни филмови (ДОК) и анимирани филмови (АМ). Оцена на продуцентот и режисерот на ДМ, како и комплетна евалуација на квалитетот на предложените КМ, ДОК и АМ врши УО на ФФРМ, меѓутоа оценката која ја дава овој орган не базира врз преходно разработена методологија. Интерните акти кои ги изработил ФФРМ и Министерството за култура (Правилник за критериумите за финансирање на проектите од филмската продукција и елементите што треба да бидат содржани во проектите од филмска продукција што се од национален интерес и Правилник за критериуми на УО на ФФРМ при одобрување на проекти за програма од филмска дејност) се општи и не даваат насоки за објективно одлучување. Поради ова изборот на филмските проекти кои ќе бидат финансиски поддржани со Годишната програма на ФФРМ, се врши врз основа на сопствено просудување на членовите на УО. Ваквата состојба може да има за ефект поддршка на неприоритетни и неквалитетни проекти како и поддршка на продуцентски куќи и режисери кои немаат капацитет да го реализираат поддржаниот проект. Од добиената документација од страна на ФФРМ утврдивме дека 10 поддржани проекти со Годишните програми од 2008 до 2012 ја немаат надминато подготвителната фаза на реализација на проектот.

Од страна на одговорните лица на ФФРМ беше искажано уверување дека согласно новиот Закон за филмска дејност донесен во текот на 2013 година (Сл. Весник на РМ 82/2013) и кој ќе започне со примена од 01.01.2014 г,

новоформираната Агенција за филм (АФ) ќе започне со детална евалуација на сите прашања од значење за реализација на предложените филмски проекти и истата нема да се ограничи само на долгометражните филмови туку ќе ги опфати и останатите аудиовизуелни дела кои добиваат финансиска поддрша од Агенцијата. Анализа на точноста на ова тврдење ќе биде предмет на ревизијата на препораките дадени од страна на ДЗР.

**Препорака**

Одговорното лице на ФФРМ односно новоформираната Агенцијата за филм да предложи и усвои Методологија со која ќе се разработат сите значајни фактори/елементи за избор на квалитетни филмски проекти на кои ќе им се одобри финансиска поддршка.

3.2.2.По усвојувањето на Годишната програма на ФФРМ за тековната година, во која се наведени проектите кои добиле финансиска поддршка од страна на ФФРМ, се склучува преддоговор со продуцентската куќа која ја поднела апликацијата, а по затворање на финансиската конструкција се склучува и договор со истата продуцентска куќа. Склучените договори содржат само општи одредби во врска со намената на доделените средства, односно не даваат прецизни информации за тоа кои активности од проектот ќе се финансираат од страна на ФФРМ. Со цел да се овозможи ефикасна контрола на користењето на трансферираните финансиски средства ФФРМ во апликациите бара од продуцентските куќи да достават и буџет на проектот. Од ова може да се согледаат следните недостатоци и слабости:

- Буџетот на проектот претставува основа за вршење на контрола на наменското користење на средствата на ФФРМ. Имајќи ги предвид спецификите на филмската дејност постои можност буџетот кој е доставен со апликацијата по објавениот конкурс од страна на ФФРМ да претрпи значителни промени во текот на подготвителната фаза од реализацијата на филмскиот проект (поради одобрување на износ понизок од бараниот, инволвирање на копродуценти во проектот што ја менува структурата на буџетот итн). ФФРМ со интерен акт или на друг начин нема определено која верзија на буџетот на проектот се смета за конечна, кој е крајниот термин за доставување на конечната верзија на буџетот и не врши прикачување на истата во прилог кон договорот за финансирање на кој начин би можело да се изврши ефикасна анализа на наменското користење на средствата кои се префрлени на продуцентската куќа. Во добиената документација за поддржаните проекти беа присутни повеќе различни верзии на буџетите за ист поект но ниту на еден од нив не беше потенцирано дали се работи за конечна верзија на буџетот. Како резултат на ова утврдивме случаи на продуцентски куќи кои се повикуваат на неформалниот карактер на доставениот буџет до ФФРМ, а кај кои е утврдено ненаменско трошење на средства. На овој начин се доведува во прашање можноста од извршување на ефикасни финансиски контроли во поглед на наменското трошење на средствата од страна на продуцентските куќи.

- ФФРМ нема донесено интерен акт преку кој ќе се уреди начинот на подготовка на буџетот на проектите од страна на продуцентските куќи и ќе се изврши терминолошко дефинирање (класифицирање) на креативните и останатите позиции кои се неопходни за реализација на филмските проекти. Поради ова, продуцентските куќи, секоја поединечно, од светската пракса го имаат преземено системот за подговотвка на буџетот врз основ на т.н. акаунти, линии или ставки, поради што во верзиите кои ги добивме од различни продуцентски куќи се забележителни значителни разлики во подготвувањето на буџетот и именувањето односно значењето на поединечните акаунти, линии или ставки при што вообичаено не се користи македонскиот јазик и кирилското писмо. Ваквата состојба им овозможила на продуцентските куќи да воспостават пракса на склучување на договори со лицата кои се ангажирани во реализација на проектот притоа користејќи опис на позиција во креативната екипа кој не содејствува со реалната позиција во филмската екипа, со цел да се искористат даночните ослободувања предвидени во Законот за персонален данок на доход. Како резултат на ова кај поголем број на финансирани проекти утврдивме дека се јавуваат лица за кои во одјавниот кајрон од филмот и буџетот се наведени дека биле ангажирани за извршување на работна задача на позиција која не содејствува со наведената во договорот со истото лице.

**Препорака**

Одговорните лица во ФФРМ односно новоформираната Агенција за филм, да изработат и усвојат интерен акт во кој ќе се пропише начинот на изработка на буџетот на филмските проекти, класификација на креативните и останатите позиции кои се неопходни при изработката на едно филмско остварување и во кој ќе се пропише која верзија од буџетот ќе се смета за конечна, како и временскиот рок во кој истата треба да се достави. Оваа верзија на буџетот да стане задолжителен дел (прилог) кон договорот помеѓу ФФРМ/Агенцијата за филм и продуцентските куќи кои добиле финансиска поддршка со Годишната програма.

3.2.3. Продуцентските куќи не изготвуваат завршна сметка за секој проект поединечно односно финансиските промени кои се евидентираат на наменската банкарска сметка отворена за конкретен проекти представуваат дел од вкупната завршна сметка на продуцентската куќа. ФФРМ од продуцентските куќи бара доставата на финансиската документација да се врши врз основа на тн акаунти – ставки, со цел да се изврши поедноставна контрола на трошењето на средствата со износите кои се наведени во доставените буџети за филмските проекти. Можноста да се изврши поврзување на износите во доставената финансиска документација која представува основ за плаќање со промените евидентирани во банковите изводи е значително отежнато и во голема мера влијае врз ефикасноста на вршењето на финансиската контрола. Имајќи го предвид фактот дека во завршната сметка на продуцентските куќи се вклучени финансиските промени од сите активности од кои дел не се поврзани со филмскиот проект

поддржан од ФФРМ, не е обезбеден ефикасен начин за преглед и на констатираните обврски и побарувања како и набавените основни средства и останат инвентар за потребите на проектот, согласно на барањата од одредбите на соодветните законски прописи од областа на сметководственото работење за приватниот и јавниот сектор.

**Препорака**
Одговорните во ФФРМ/АФ да воспостават ефикасен начин на контрола на работењето на продуцентските куќи, особено во делот на поврзувањето на извршените плаќања со соодветните фактури, договори и останатата поткрепувачка документација во врска со плаќањето, можноста за увид во превземени обврски и побарувања и извршените набавки на основни средства и друг вреден инвентар.

3.2.4.За успешна реализацијата на поддржаните филмски проекти се јавува потреба носителите на проекти да склучуваат договори со добавувачи на различни стоки и услуги. Со оглед на фактот дека во најголемиот дел од случаите процентот на учество на ФФРМ во финансирањето на овие проекти е повисок од 50% продуцентските куќи се обврзани во согласност со член 5 од Законот за јавни набавки за сите доделени договори на свои добавувачи да распишат постапка во согласност со ЗЈН. Од доставената документација не добивме доказ дека истите ја исполниле оваа обврска. Ваквата состојба создава можност корисниците на средствата во финансиските извештаи да признаваат трошоци по цени повисоки од пазарните а со тоа и неекономично трошење на буџетските средства.

**Препорака**
Во договорите меѓу ФФРМ/АФ и продуцентските куќи да се предвиди одредба со која корисниците ќе бидат обврзани да спроведуваат постапки за јавни набавки.

3.2.5.Согласно на член 30 и 31 алинеа 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола субјектите од јавниот сектор задолжително основаат единица за внатрешна ревизија со раководител и еден внатрешен ревизор доколку просечниот буџет на субјектот надминува 50 милиони денари за последните три години. Оваа единица за внатрешна ревизија не е систематизирана со Правилникот за систематизација на работните места односно работните задачи на НУ ФФРМ и неговите измени кои ги добивме на увид иако просечниот буџет на оваа институција го исполнува пропишаниот праг наведен во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Со оглед на високото учество на трансферите за реализација на филмски проекти учествуваат во вкупните расходи на ФФРМ (реализација од 89,2% во однос на вкупните трошоци за 2012 година) директорот на едно лице вработено во ФФРМ на работното место раководител на финансискиот сектор му има дадено овластување да ги извршува задачите на контрола на наменското и законското

трошење на трансферираните средства од страна на продуцентските куќи, кое има извршено детални анализи на средствата кои се исплатени за поголем дел од проектите, меѓутоа поради кадровската неекипираност контролите се вршат по исплатата на 80% од вкупно одобрениот износ, што овозможува појава на неправилности и неможност истите навремено да се детектираат. Наведените недостатоци укажуваат дека ФФРМ нема воспоставено соодветен контролен механизам кој ќе обезбеди трошење на трансферираните средства до продуцентските куќи за претходно дефинирани намени поврзани со реализацијата на филмските проекти и обезбедено задоволително ниво на финансиска дисциплина и финансиска отчетност на истите.

**Препорака**

Директорот на ФФРМ со новиот акт за систематизација на работните места да предвиди и од надлежните институции да побара вработување на дополнителни вработени во единицата за внатрешна ревизија. Со оглед на тоа што согласно на новиот Закон за филмска дејност кој стапува на сила на 01.01.2014 година, ФФРМ се трансформира во Агенција за филм, за која согласно финансиските проекции и новите извори на финансирање се очекува да остварува повисоки приходи од досегашните, на нововработените лица да им се обезбедат соодветни обуки и неограничен пристап до целокупната документација во врска со наменското и законското трошење на трансферирианите средства, чија што контрола треба да биде главна работна задача на новоформираната единица.

3.2.6.Со увид во договорите за финансирање на филмски проекти и извршените исплати од страна на ФФРМ по основ на истите, ревизијата утврди непочитување на одредбите од овие договори во однос на предвидената динамика на исплата. Имено, во договорите, во делот за финансирање на филмот, предвидена е динамика на исплата која опфаќа исплати во соодветен процент по фази на создавање на филмот односно за подготовка на филмот за продукција, за продукција на филмот, за пост-продукција на филмот, по достава на финална верзија на филмот и по премиера на филмот и предавање на комплетен финансиски и наративен извештај за наменски потрошени средства за филмот. Оваа рамка на исплата утврдена во договорите претставува и солидна основа за следење на наменското трошење на средства по поодделни фази на изработка на филмот за што е задолжен Фондот. Меѓутоа ФФМ не ја почитува рамката, при што на овој начин се оневозможува навремено спречување на евентуалните ненаменски исплати и санкционирање на продуцентските куќи.

**Препорака**

ФФРМ/АФ да ја зајакне финансиската контрола и истата да не се ограничува само на завршните фази од реализацијата на филмските проекти.

3.2.7. Филмскиот фонд на РМ има обврска да доставува годишен извештај за своето работење до Министерството за култура и Владата на РМ во согласност со член 10 алинеа 12 од Законот за филмски фонд (Сл. Весник 70/2006). Од страна на ФФРМ не беше доставен Годишен извештај за 2012 година, предложен од страна на директорот на ФФРМ и усвоен од страна на УО на ФФРМ, ниту добивме потврда дека истиот е доставен до надлежните институции во законски предвидениот рок до 30.04.2013 година. Наведеното има за ефект неинформираност на надлежните институции во поглед на активностите кои ги има превземено и реализирано ФФРМ во сите сегменти од својата надлежност, како и проблемите со кој се соочува во секојдневното работење.

**Препорака**

Одговорните органи на ФФРМ/АФ да постапуваат во согласност со новиот Закон за филмска дејност и навремено да го доставуваат Годишниот извештај за работењето на ФФРМ/АФ до надлежните институции.

## 3.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.3.1. Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на 31 декември 2012 година не е извршен во согласност со член 31 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, од следните причини:

- пописните листи не содржат поединечни парични вредности за сите основни средства поради што е отежнато усогласувањето со сметковдствената евиденција
- Основните средства и инвентарот на установата не се обележани со инвентарни броеви што би го олеснило извршувањето на пописот, а инвентарните броеви кои се содржани во материјалната евиденција и пренесени во пописните листи не соодејствуваат со доделување на инвентарен број на поодделно средство. Согласно пописните листи и материјалната евиденција под еден инвентарен број се водат повеќе различни основни средства што значително ја отежнува реализацијата на пописот.
- Од страна на пописната комисија утврдено е побарување кое ФФРМ го има од поранешен вработен во фондот во висина од 1.040 евра. Со исклучок на едно известување од фондот до ова лице од 2010 година, од страна на ФФРМ не се превземени понатамошни мерки за наплата на ова побарување.

Пропустите и грешките во извршениот попис не даваат целосно уверување за реалноста и објективноста на состојбите прикажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препораки**

1. Директорот на ФФРМ да преземе активности со цел да обезбеди целосно спроведување на пописот во согласност со законските и подзаконските прописи

како и да се изврши обележување и ажурирање на инвентарните броеви на целокупната опрема во своја сопственост.

2. ФФРМ да покрене судска постапка за наплата на побарувањето кое го има од поранешно вработено лице.

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.2.Поради спецификата на филмската дејност, еден дел од трошоците за реализација на филмскот проект (исплата на статисти, трошоци за бензин, давани аванси за членови на екипата за разни материјални трошоци за потребите на снимањето на филмот, трошоци за исхрана итн) се исплаќаат во готовина. Од извршениот увид во документацијата во врска со овие исплати ги утврдивме следните слабости:

- Евиденцијата на извршените исплати во готовина кај најголем дел од КМ, ДОК и АМ проекти како и кај три долгометражени проекти е комплетно неуредна или воопшто не постои. Кај оние проекти каде што благајничката евиденција е воспоставена преку изготвување на благајнички извештаи со документација за извршените исплати во прилог, истата се води неажурно и наместо секојдневно овие обрасци се изготвуваат групно еднаш во месецот или повеќе, поради што обемот на неуредно платени сметки во прилог кон еден благајнички извештај е значителен. Висината на материјалните трошоци кои се плаќаат во готовина кај 2 ДМ проекти е значителна и истата изнесува околу 10% од вкупните трошоци кои се направени за реализација на овие два проекти. Можноста да се изврши усогласување на висината на подигнатите средства од наменската жиро сметка на име материјални трошоци со приложената документација за плаќање во готово е значително отежната што се создава ризик од можна употреба на подигантите средства за цели кои не се поврзани со реализација на филмскиот проект.
- не се води евиденција на побарувањата од лицата кои подигнале аванси во готовина за набавки кои воглавно се однесуваат за набавки на бензин и исплата на статисти. Иако овие лица се раздолжуваат со приложување на сметки и списоци за исплата, не е воспоставена врска помеѓу висината на подигнатите средства, вредноста на приложените сметки за бензин и салдото на средства со кој овие лица не се отчитале.
- Кај еден КМ проект за кој е исплатен вкупен износ во висина од 1.900 илјади денари утврдивме дека продуцентот подигнал 356 илјади денари во готовина на име материјални трошоци, од кои со фискални сметки се раздолжил за само 152 илјади денари, кои се однесуваат воглавно на трошоци за репрезентација, храна и бензин иако буџетираниот износ за оваа ставка е значително понизок. Во доставената финансиска документација утврдивме присуство на двојни фискални сметки меѓутоа со оглед на неизработените благајнички извештаи нејасно е дали продуцентот ги искористил за да оправда еден ист направен расход.
- Кај најмалку три проекти утврдивме извршени исплати врз основа на повеќе бланко сметкопотврди или сметкопотврди и фискални сметки со нејасна

содржина, во поединечна висина од 6 илјади денари, како и двојна исплата во готово за ангажиран актер во висина од 46 илјади денари, што не дава уверување во реалноста, намената и вистинитоста на направениот трошок.

- Кај еден ДМ проект и повеќе КМ и ДОК проекти утврдивме исплата на материјални трошоци за транспорт во земјата и странство како и сметки за репрезентација во странство кои во финансискиот извештај за проектот се сместени во ставката за сценографија кетеринг или други ставки. На овој начин се врши распоредување на трошоците на ставки во финансискиот извештај на филмот кои не соодејствуваат на вистинската намена на направениот трошок со што се овозможува необјективно прикажување на трошоците и фактичко надминување на висината на средства алоцирани во соодветната ставка во буџетот на филмот.

**Препораки:**

1. Одговорните лица во ФФРМ/АФ да создадат обврска за целосна, ажурна и уредна изработка и приложување на комплетната документација во врска со направените материјални трошоци кои се плаќаат во готовина со редовна изработка на благајнички извештаи од страна на продуцентските куќи во согласност со вообичаената практика на водење на сметководствената евиденција.
2. Одговорното лице во ФФРМ/АФ да преземе мерки за зајакнување на дисциплината кај продуцентските куќи во поглед на навременото и целосно доставување на неопходната финансиска документација како доказ за наменското користење на одобрените средства.
3. Доколку при вршењето на финансиска контрола се утврди ненаменско или незаконско трошење на одобрените средства, продуцентските куќи да се задолжат да извршат поврат на овие средства, а последната рата во висина од 10% од вкупно одобрените средства со Годишната програма да не се исплати се до доставување на уредна документација по која ќе може да се утврди оправданоста и наменското и законско трошење на одобрените средства.
4. ФФРМ/АФ да воспостави регистер на продуцентски куќи за кои е утврдено дека не извршиле уреден финансиски отчет за финансиските средства кои им биле одобрени како поддршка со Годишната програма. Овој регистер да биде вклучен како елемент при изборот на проекти кои ќе добијат финансиска поддршка со Годишните програми во наредниот период.

3.3.3.Со анализа на структурата на направените трошоци по позиции при реализација на проектите, утврдивме дека значителен дел од трошоците неопходни за реализација на едно филмско дело се исплаќаат преку авторски договори на лица кои се ангажирани во реализација на креативниот дел од проектот и општи договори со лица ангажирани на останати позиции. Во врска со ова ги констатиравме следните слабости:

- Кај поедини позиции извршена е исплата на средства преку договори со лица во значително повисок износ од износот кој е наведен во Буџетот на филмскиот проект доставен до ФФРМ при што утврдивме дека оваа пракса

ја имаат прифатено најголем дел од продуцентските куќи кои добиле финансиска поддршка од ФФРМ, а кои беа предмет на оваа ревизија. Притоа, најголеми отстапувања се забележливи кај позициите кои не се директно поврзани со креативниот дел од проектот (Менаџер на продукција, координатор на продукција, Line продуцент, асистент на продукција, PR, закуп и одржување на канцеларија итн). Истата пракса се среќава и кај позиции во врска со креативниот дел од изработката на проектот, при што најчесто се врши намалување на предвидениот износ на поедини позиции во Буџетот, за сметка на што се зголемува платениот износ на други позиции. Така кај еден ДМ проект утврдивме дека за позицијата Менаџер на продукција е исплатен износ во висина од 888 илјади денари иако во Буџетот за проектот е наведено дека за лицето кое ги извршувало овие задачи бил планиран износ од 132 илјади денари, односно се јавува отстапување од 756 илјади денари. Кај повеќе КМ и ДОК проекти се констатира надминување на буџетираниот износ за повеќе позиции – гафер, уметнички директор, костимограф, главна улога, директор на фотографија, мајстор на тон, монтажа итн.

- Констатиравме дека извршените исплати кај погоре наведените продуцентски и останати позиции кои не се директно поврзани со креативниот дел од процесот учествуваат со значителен процент во вкупните средства потрошени за реализација на еден ДМ проект и еден филмски фестивал. За ДМ проект утврдивме дека за сите погоренаведени позиции е исплатен износ во висина од 5.569 илјади денари или 28% од вкупно направените трошоци во висина од 19.900 илјади денари кои биле предвидени за ова филмско остварување За еден филмски фестивал е извршена пренамена на трошоците наменети за реализација на работилници и предавања за трошоци за координација, изработка на план за организирање на туристичка тура итн. за што на 4 лица им е исплатен износ во висина од 292 илјади денари или 42% од износот кој овој фестивал го добил како поддршка со Годишната програма на ФФРМ.
- Кај најмалку 3 КМ проекти и 2 ДОК проекти констатиравме дека продуцентските куќи имаат склучено авторски договори со лица за работа на позиции кои воопшто не биле предвидени во буџетот на проектот или пак овие лица не се споменати како учесници во реализација на проектот во одјавниот кајрон од проектот. Ваквата состојба создава сомневање во врска со вистинитоста на тврдењата на продуцентските куќи за реалноста на ангажманот на овие лица за потреби на проектите.
- Кај еден АМ проект склучени се договори за анимација и супервизија на анимација во вкупна висина од 493 илјади денари. Овие договори се склучени по датумот на кој продуцентот го известил ФФРМ дека филмот е целосно завршен и извршил достава на копии од филмот до ФФРМ и Кинотеката на РМ во согласност со одредбите на договорот. Со оглед на тоа што предметот на склучените договори се однесува на работни задачи кои се извршуваат во фазата на продукција или постпродукција на филмот, склучувањето на договори по завршувањето на реализацијата на проектот не обезбедува

доволно докази во врска со реалноста на ангажманот на лицата за потреби на завршениот проект и оправданоста на извршените исплати.

Состојбата опишана во овој наод создава услови за употреба на дел од средствата за цели кои не се однесуваат и не се непосредно поврзани со реализацијата на проектот од страна на продуцентските куќи, како и вршење на исплати на лица без доказ за реалноста и објективноста на извврените услуги од страна на овие лица за потреби на проектите.

**Препораки**

1. Со новиот Закон за филмска дејност предвидени се одредби кои ги пропишуваат максималните износи во проценти од апсолутниот износ на доделени средства, во делот на надоместоци за авторски и други хонорари во врска со финансирањето на филмските проекти кои продуцентските куќи имаат право да ги исплатат. Почитувањето на оваа одредба од законот ќе биде предмет на наредна ревизија од страна на ДЗР.
2. ФФРМ/АФ во договорите за финансирање на проекти да вклучи одредба со која ќе се ограничи правото на продуцентските куќи да вршат исплати за позиции кои не се наведени во крајната верзија на приложениот буџет за проектот.
3. Одговорните лица во ФФРМ/АФ да вршат анализа на структурата на трошоците кои се наведени во буџетот на проектот и во зависност од обемот на проектот да изврши елиминација на поедини позиции за кои ќе се заземе став дека не се потребни за реализација на истиот, без да се ограничува правото на продуцентот истите да се исплатат со средства обезбедени од други извори на финансирање.
4. ФФРМ/АФ да не ги признава трошоците кои се исплатени од страна на продуцентските куќи врз основа на договори, фактури или друга документација кои настанале по целосната реализација и доставување на филмскиот проект до надлежните институции.

3.3.4.Во доставените финансиски извештаи за реализацијата на проектите, од страна на продуцентските куќи се приложуваат и фактури, договори и друга документација. Од извршениот увид во овој дел, ги утврдивме следните слабости:

- Фактурите и договорите кои се склучени со странски фирми по правило се на странски јазик без притоа да се обезбеди соодветна документација на македонски јазик во деловните книги што е обврска која е пропишана во Законот за трговски друштва член 472 и склучените договори меѓу ФФРМ и продуцентските куќи. Непостоењето на соодветен превод од странски јазик во голема мера го отежнува вршењето на брза и ефикасна контрола на работењето на продуцентските куќи
- За дел од фактурите за набавка на стоки за потребите на проектот, авионски карти, угостителски и хотелски услуги во висина од најмалку 3.728 илјади денари исплатени кон фирми во земјата и во странство од страна на продуцентските куќи не е доставена и поткрпувачка документација

(испратници, царинска документација, боардинг тикети, список на хотелски гости итн) како доказ за реалноста и објективноста на направениот трошок.

- Кај еден АМ утврдивме дека е извршена исплата по фактура во висина од 300 илјади денари по основ на услуги за анимација и специјални ефеки кон друга продуцентска куќа во сопственост на истите лица кои се сопственици на продуцентската куќа која добила финансиска поддршка од ФФРМ, иако преку авторски договори за потребите на проектот се ангажирани голем број на лица кои извршуваат работни задачи на анимација. Оваа фактура нема потпис од одговорното лице, печат на фирмата и содржи погрешна адреса на една од договорните страни. Ваквата состојба упатува на извршен пренос на средствата од наменската сметка на проектот на фирма во сопственост на истите лица, без доказ за реално извршена услуга, по основ на работни задачи за чие извршување продуцентот претходно ангажирал други лица.
- Од страна на една продуцентска куќа која добила финансиска поддршка за реализација на ДМ проект, извршен е пренос на средства во висина од 4.653 илјади денари од наменската сметка отворена за овој проект, на редовната сметка на продуцентската куќа и дополнителен износ од 495 илјади денари кои се префрлени на наменската сметка на еден КМ проект на кој работи истата продукциска куќа. Од овој износ, спротивно на одредбите од потпишаниот договор со ФФРМ, 3.000 илјади денари се исплатени како позајмица кон друга продуцентска куќа која работи на друг ДМ проект истотака поддржан од страна на ФФРМ и но и двете продуцентски куќи имаат склучено договор за вршење на сметководствени работи со истиот сметководител. Оваа продуцентска куќа ја вратила позајмицата на наменската сметка на проектот, по што истиот износ повторно е трансфериран како позајмица кон истата продуцентска куќа, која по 5 дена ја вратила позајмицата меѓутоа на редовната сметка на проектот. На овој начин извршениот пренос на средства од наменската на редовната сметка на продуцентската куќа не е во согласност со одредбите на договорот склучен со ФФРМ според кои средствата на ФФРМ можат да се користат единствено за целите на реализација на филмскиот проект, а сите трошоци и расходи што произлегуваат од истата се исплаќаат од наменската сметка. За извршениот трансфер на средствата продуцентската куќа нема обезбедено поткрепувачка документација од која ќе може да се утврди за кои намени покасно се употребени овие средства и покрај тоа што во периодот кога трансферот бил направен, овој проект бил целосно комплетиран и филмот ја доживеал својата премиера. Согласно на ова извршениот трансфер на средства е направен неосновано при што се создава висок ризик од можна употреба на средствата за други цели неповрзани со филмскиот проект.
- Продуцентот на истиот ДМ проект склучил договор за ангажирање на странска актерка за главна улога во филмот во вредност од 50.000 евра како надомест за одиграна улога и целосен ангажман во филмот што е предвидено со точка 4.1 од авторскиот договор. Од извршениот увид во документацијата која ни беше приложена констатиравме дека од страна на продуцентската куќа по овој основ е исплатен износ во висина од 70.000 евра на сметки на актерката и дополнителни 50.000 евра на сметка на фирма во

Кралството Шпанија за кои одговорните лица во ФФРМ од продуцентската куќа добиле објаснување дека станува збор за исплати за главната актерка во филмот, иако оваа фирма не може да се доведе во непосредна врска со ова лице. Во финансискиот извештај од продуцентот за исплати по овој основ е наведен износ во висина од 150.000 евра на приватните сметки на актерката и на фирма од Кралството Шпанија. За овие дополнителни исплати над предвидените со буџетот до 100.000 иљади евра не добивме на увид документација од која ќе може да се утврди основот за нивна исплата ниту поврзаноста на фирмата од Шпанија со актерката. Во врска со ова филмско остварување утврдивме и исплата во висина од 37.000 евра кон странска фирма по три примени фактури на кои не е јасно наведено какви услуги се извршени кон продуцентската куќа ниту е приложен договор како дел од документацијата доставена до ФФРМ. Поради наведеното не добивме уверување дека значаен дел од средствата исплатени за овој филм се наменски и законски потрошени.

**Препораки:**

1. ФФРМ/АФ да побара и добие официјални преводи на документацијата и склучените договори со странски фирми од страна на продуцентските куќи при реализацијата на идни проекти.
2. Одговорното лице на ФФРМ/АФ да воспостави мерки за зајакнување на дисциплината кај продуцентските куќи во поглед на навременото и целосно доставување на неопходната финансиска документација како доказ за наменското користење на одобрените средства.
3. ФФРМ/АФ да побара поврат на неосновано потрошените средства од страна на продуцентските куќи и да се запре со исплатата на средства за наредните проекти на истите кои добиле финансиска поддршка со Годишната програма на ФФРМ/АФ за наредниот период се додека не извршат поврат на средствата.
4. Во договорите кои се склучуваат со продуцентските куќи да се предвиди одредба со која ќе се пропише обврска за продуцентските куќи да извршат поврат на средствата кои останале непотрошени по целосната реализација на филмот.

3.3.5.За потребите на снимањето на поедини сцени од филмските проекти особено кај ДМ проекти, се јавува неопходност од набавка на разни стоки, при што од извршениот увид на набавките утврдивме дека во поедини случаи е извршена набавка и на мебел со висока вредност, накит, облека итн. Од анализата на одредбите во склучените договори кои ФФРМ ги склучува со продуцентските куќи, утврдивме дека не е предвиден член кој го пропишува третманот на набавените предмети за потребите на снимањето на филмските проекти, а во добиената документација од страна на продуцентските куќи не беше приложена ниту инвентарна листа или друг вид на евиденција на набавени предмети и ствари и каде истите се наоѓаат. Со оглед на фактот што поедини набавени предмети и ствари имаат висока вредност при што нивната

сопственост не е дефинирана се јавува висок ризик од нивна употреба за други цели по реализацијата на филмскиот проект.

**Препораки:**

1. ФФРМ/АФ во договорите да предвиди одредба со која сопственоста на стварите и сите други предмети особено оние со висока вредност, по реализацијата на филмскиот проект, преминува на надлежна државна институција.
2. Од продуцентските куќи да се побара и добие евиденција на досегашните набавки и сопственоста врз истите да се префрли врз надлежна државна институција која има капацитет да изврши нивно чување и изнајмување за други филмски проекти.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите на наодите изнесени во точките 3.2.5 и 3.3.1. кои се однесуваат на констатирани неправилности во врска со пописот на средствата и изворите на средства, како и при признавањето на трошоците за реализација на филмските проекти поддржани од страна на ФФРМ кои се контролираат по исплата на средствата. Ваквото постапување не дава доволно уверување за реалноста и објективноста на направените расходи од страна на продуцентските куки кои индиректно имаат влијание и на финансиските извештаи на ФФРМ.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2.5 и 3.3.1, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Филмскиот фонд на Република Македонија на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1; 3.2.1. до 3.2.8 и точките 3.3.2 до 3.3.5, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Филмскиот фонд на Република Македонија - сметка на основен буџет 603-17, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Системски слабости

Во текот на 2013 година од страна на Собранието на РМ усвоен е Закон за филмска дејност со кој Филмскиот фонд се трансформира во Агенција за филм на РМ. Во членот 9 од овој закон воспоставена е обврска за Државниот завод за ревизија еднаш во годината да врши ревизија на работењето на оваа инстутуција. Наведеното е во спротивност на член 23 од Законот за државна ревизија во кој се наведени институциите на кои ДЗР има должност еднаш во годината да врши ревизија. Со оглед на тоа што Законот за државна ревизија е акт кој како lex specialis го уредува работењето на Државниот завод за ревизија, промена на обврските на ДЗР може да се изврши единствено преку измени на Законот за државна ревизија, а не и по пат на усвојување или промена на закони кои уредуваат други области кои не се непосредно поврзани со работењето на ДЗР. Поради тоа Агенцијата за филм на РМ во првата наредна промена на Законот за филмска дејност да предложи до Собранието на РМ бришење на овој член од Законот.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Оствваривме контакти со продуцентот за еден долгометражен филмски проект од кој добивме информации и обвинителен акт од Основното јавно обвинителство Скопје, за поднесена кривична пријава против поранешниот сметководител на продуцентската куќа одговорна за реализација на проектот, за сторено кривично дело фалсификување на исправа (банкарски налози и потписот на управителот на продуцентот), при што ова лице е обвинето за направени повеќе недозволени трансакции и проневера на парични средства од сметката на продуцентската куќа. Овие наводи се констатирани и од страна на вешто лице ангажирано од судот меѓутоа износот на проневерени средства не може со сигурност да се утврди со оглед на тоа што судскиот процес е сеуште во тек.

Во периодот на извршување на ревизијата документацијата за овој филмски проект (ДМ) за кој е исплатен износ од 154.000 илјади денари заклучно со 2012 година, односно 127.100 илјади денари исплатени во текот на 2012 година (50,5% од вкупно реализираните средства преку оваа сметка), и кој сеуште не е комплетно реализиран, се наоѓаше на контрола од страна на Управата за јавни приходи. Документацијата за овој филмски проект, од страна на ФФРМ, не ни беше навреме обезбедена, односно во планираниот период за ревизија и покрај навремените писмени обраќања од страна на ревизорската екипа. Поради ова ревизијата не беше во можност да го провери законското и наменското трошење на средствата за овој филмски проект.

## 7. Прифатени и коригирани неправилности во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на ФФРМ извршени се корекции на позицијата Краткорочни финансиски обврски и Краткорочни

финансиски побарувања при што поради погрешно прокнижен сметководствен настан салдото на позицијата Краткорочни финансиски обврски е намалена за износ од 35 илјади денари, а салдото на позицијата Краткорочни финансиски побарувања се зголемува за истиот износ.
Корекциите се спроведени во налог број 35 од 31.10.2013 година.

Скопје, 27.02.2014 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 251.556 | 139.407 |
| **Вкупно приходи** | **251.556** | **139.407** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 2.450 | 2.647 |
| Стоки и услуги | 20.872 | 8.113 |
| Субвенции и трансфери | 224.577 | 128.548 |
| **Вкупно тековни расходи** | **247.899** | **139.308** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3.657 | 99 |
| **Вкупно капитални расходи** | **3.657** | **99** |
| **Вкупно расходи** | **251.556** | **139.407** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | | **2012** | | **2011** |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Краткорочни финансиски побарувања | | 35 | | 0 |
| Побарувања од вработените | | 322 | | 359 |
| Активни временски разграничувања | | 266.645 | | 373.005 |
| **Вкупно тековни средства** | | **267.002** | | **373.364** |
| | | | | |
| **Постојани средства** | | | | |
| Нематеријални средства | | 236 | | 78 |
| Материјални средства | | 8.100 | | 2.911 |
| **Вкупно постојани средства** | | **8.336** | | **2.989** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **275.338** | | **376.353** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 6.984 | | 125 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 259.411 | | 372.612 |
| Обврски спрема државата и други институции | | 54 | | 46 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 196 | | 222 |
| Пасивни временски разграничувања | | 357 | | 359 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **267.002** | | **373.364** |
| | | | | |
| **Долгорочни обврски** | | **0** | | **0** |
| | | | | |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | | 8.336 | | 2.989 |
| Ревалоризациона резерва | | 0 | | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **8.336** | | **2.989** |
| | | | | |
| **Извори на други средства** | | **0** | | **0** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **275.338** | | **376.353** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2012 година** | **2.989** | **2.989** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **5.684** | **5.684** |
| Набавки | 5.587 | **5.587** |
| Ревалоризација на капитални средства | 97 | **97** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **337** | **337** |
| Амортизација | 337 | **337** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **8.336** | **8.336** |

**Филмски Фонд на Р. Македонија**
ул. 8 Март бр. 4, 1000 Скопје, Р. Македонија
**Macedonian Film Fund**
st. 8 Mart no. 4, 1000, Skopje, Republic of Macedonia
tel. + 389 2 3224 100 fax. + 389 2 3224 111
www.filmfund.gov.mk / e-mail: contact@filmfund.gov.mk

До: Државен завод за ревизија

Министерство за култура на Република Македонија

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ФИЛМСКИ ФОНД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-46/1
24. 01. 2014 год.
СКОПЈЕ

Од: Филмски фонд на РМ

Предмет: Забелешки по Нацрт извештај

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
27.01.2014
21-132/1

Почитувани,

Ве известуваме дека ФФРМ по разгледување на наодите во нацрт извештајот доставен од страна на ДЗР констатираше дека истиот содржи наоди кои не соодветствуваат со документацијата и работењето на ФФРМ за 2012 год., како и дека дел од анализата и забелешките ја обработуваат работата на филмските продуценти кои се корисници на средства. ФФРМ не може да прифати ваков нацрт извештај кој пред се има грешки во самите финансиски показатели кои ДЗР ги прикажува во нацрт извештајот. Од страна на ДЗР не е направена сеопфатна анализа на механизмите на работата на ФФРМ, не само во делот на интерни контроли, туку и во другите делови кои ФФРМ во текот на своето работење ги унапредува и воведува во изминативе 5 години. За да ДЗР даде негативно мислење по основ на работењето на ФФРМ, не смеела да направи превид пред се во финансиските показатели кои се основа за вршење на ревизија, како и да утврдува негативни наоди со препораки на делување кои не се уредени со законски или под законски акти, иако ФФРМ постојано презема на активности за надминување на сите воочени проблеми воедно ја до уредува материјата која воопшто не е законски регулирана следејќи ги и европските искуства.

Пред ФФРМ да ги наведе конкретните забелешки по нацрт извештајот, сметаме дека ДЗР во извештајот мора да забележи дека со барање бр. 03-761/1 од 29.11.2012 година, ФФРМ официјално се упати до ДЗР да направи ревизија на работењето на ФФРМ со цел да се увиди усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и механизмите на работа во согласност со законската регулатива во изминатиот период, а да послужи за унапредување на работата на самата институција.

Врз основа на доставен менаџерски извештај ваш бр. 21-225/5 од 26.12.2013 год. ви ја доставуваме следнава забелешка:

- Во делот усогласеност со законите и прописите, а кој се однесува на актот на систематизација на ФФРМ, согласно законот за работни односи, со колективен договор на ниво на орган (колективен договор за измена и дополнување на колективниот договор за уредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во НУ Филмски фонд на РМ бр. 01-458/3 од 04.11.2010 год.) утврдени се бруто коефициенти за определени работни места во фондот согласно правилникот за систематизација, со кој за советникот за продукција е утврден бруто коефициент повисок во однос на другите со оглед на големината и тежината на работните обврски и задачи. Пресметката на бруто коефициентот е направен согласно колективниот договор за култура и за истиот известено е Министерството за култура со допис бр. 01-458/4 од 9.11.2010 год.

Напоменуваме дека при изработка на правилникот за систематизација не постои друга установа во РМ со која би можело да се направи компарација поради што поставувањето на хиерархијата и работните позиции само по себе е предмет на одлучување на раководните органи на одлучување во институцијата.

Работниот однос на вработените во истиот е преставен врз основа на законот за работни односи во кој не е предвидена никаква класификација и хиерархиска поставеност на работни места. Истата е оставена на слобода на одлучување на раководните органи во зависност од потребата на установата, обемот и сложеност на работите и работните задачи кои лицата ги извршува согласно закон. Бидејќи основаната дејност на фондот преставува финансирање на филмска продукција наголем обем на работни задачи извршува советникот за продукција, следствено на кое бруто коефициентот е најголем. Во 2012 год. со Законот за јавни службеници беше донесена одлука за измена на правилникот за систематизација со која работните места и хиерархиската поставеност беше направена согласно Законот за јавните службеници. Со одлука на Уставен суд сите установи од областа на културата беа иземени од спроведување на законот бидејќи станува збор за специфична област каде што не е возможно да се изврши унифицирање на работните места и хиерархиска поставеност на истите. Поради истата причина беше направена и измена во колективниот договор за култура во кој групите кои беа предвидени согласно сложеноста на работните места се избришани и определен е единствено со рамка во која се може да се движи бруто коефициентот.

Исто така ве информираме дека веќе е во тек изработката на правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на Агенцијата за филм на Република Македонија во кој согласно Закон за државни службеници ќе се имплементира хиерархиска поставеност со оглед на промена на дејноста и

промена на статусот на Агенцијата согласно кој вработените во агенцијата за филм продолжуваат со работа во Агенцијата како државни службеници, а правата и обврските од работен однос ги остваруваат согласно прописите за државни службеници.

Врз основа на доставен Нацрт извештај ваш бр. 21-225/4 од 26.12.2013 год. ви ги доставуваме следниве забелешки по истиот:

1. Во делот 3.1- интерни контроли во потточка 3.1.1 е констатирано дека одговорните лица во ФФРМ немаат воспоставено систем на интерни контроли, согласно вашиот наод ве известуваме дека во период од 2008 - 2013 год. ФФРМ функционира и ги извршува работите и работните задачи со вкупно шест вработени, односно од 2008-2009 год со три привремено вработени лица, кои врз основа на согласност од Министерството за финансии бр. 02-16956/2 од 29.05.2009 год. воспоставуваат редовен работен однос на неопределено работно време. Додека другите три вработени стапуваат во редовен работен однос на неопределено работно време во втората половина на 2010 год. согласно добиената согласност од страна на Министерството за финансии бр. 02-26799/2 од 17.08.2010 год. Вооедно напоменуваме дека многу пати досега оваа установа се упатуваше до Министерството за култура, Министерството за финансии како и во НПАА планот каде секогаш во матрицата беа барани нови работни места врз основа на правилникот за систематизација, но до 2013 год. не беше добиено ниту едно вработување. Следствено на горенаведеното недостатокот на кадар е причина за едно исто лице да извршува работи и работни задачи во ист или повеќе сектори, кое ќе беше увидено од ваша страна во донесените процедури за работа (ИСО 9001:2008) со кои се прави разграничување на работите и работните задачи што еден вработен ги превзема во рамките на своите надлежности, но и во други работни позиции, а се со цел остварување на работата на фондот.

Укажуваме дека ФФРМ увиде дека со законот за јавна внатрешна контрола е потребно вработување на ваков профил на вработен и при тоа се упати преку Министерството за Култура на Р. Македонија до Министерството за финансии за добивање на согласност за вработување за нов вработен на вакво работно место. На крајот на декември 2013 год. од страна на Министерството за култура е добиена согласност за вработување за две работни места, од кои едното е во одделението за внатрешна ревизија. Овие работни места со наше барање, како и веќе добиена согласност од Министерството за финансии се одложени за јануари поради тоа што краток беше периодот за спроведување на конкурс за вработување како и тоа што Филмскиот фонд од 01.01.2014 год. се трансформира во Агенција за филм на Република Македонија согласно која трансформација вработените основаат работен однос согласно Законот за државни службеници.

Исто така напоменуваме дека во текот на 2013 год. согласно заклучок на Влада на Република Македонија спроведена е јавна набавка за имплементација и сертификација на ИСО стандарди 9001:2008. До крајот на 2013 год. беше спроведена имплементација на стандардот, односно беа изработени процедури и процеси преку кој се воспоставува внатрешна контрола како во секторите така и помеѓу секторите и кои се во примена во фондот. Спроведувањето на имплементација на стандардот, како што сте запознаени преставува предуслов за сертификација, која не се случи од причина што во месец јули, Собранието на Република Македонија со донесување на Законот за филмска дејност и предвидувајќи трансформација од национална установа во Агенција со јавни овластувања ја оневозможува стратификацијата. За АФ треба да се изработи комплетно нова структура со процедури согласно задачите и обврските кои ќе ги има АФ согласно Законот за филмска дејност кој стапи на сила од 01.01.2014 година.

Во нацрт извештајот за извршена ревизија пред ревизорите да констатираат дека не е воспоставен систем на интерни контроли, како и дека едно лице извршува две работни позиции би требало да наведат дека фондот има недостаток од кадровска екипираност како и дека со воведувањето на ИСО 9001:2008 се воспоставува систем на интерна контрола. Со добиената согласност за вработување на лице на неопределено време во одделението за внатрешна ревизија кое ќе биде предвидено во новиот правилник за внатрешна организација ќе се реши дел од овој проблем. Следствено, во забелешките во нацрт извештајот не се увидени процесите за унапредување на институцијата, процесите за отстранување на недостатоците како и процесите за примена на законските одредби кои пред се се движат во насока на намалување на ризикот во поглед на наменското и законското трошење на средства кои ги доделува фондот.

Ве молиме за споредба да го разгледате конечниот извештај за извршена ревизија на расходите од програмата за филмска дејност за 2007 год. на Министерството за култура бр. 2008 02 76 направена во март 2009 год. во кој учествувале две исти лица кои учествуваа во ревизијата во Филмскиот фонд (Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор и Сашко Геразов, виш ревизор) кои при изработка на истиот констатирале дека поради недоволна кадровска екиприраност на секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура каде не е извршена ниту една контрола на буџетски средства кои се дадени за финансирање на проекти од филмска дејност. Соодветно би требало и во нацрт извештајот за ФФРМ да се прикаже и состојбата во однос на кадровската недоволна екипираност. Во однос на работата при финансирањето на филмските проекти од страна на сите претходни гарнитури на Министерството за култура како институција која има долгогодишен континуитет на работа, ФФРМ за последниве пет години воспостави нови процедури за увид во наменско трошење на средствата

за филмски проекти и многу други работи во насока на унапредување на дејноста, работи кои не беа воопшто практикувани во периодот пред тоа.

Напомнуваме дека давањето на забелешки во делови за кои постоела суштествена причина за настанување на истите, без наведувањето на причините, како и ненаведувањето на напредокот во однос на работењето на ФФРМ доведува до сомневање дека ревизорите неправилно ја утврдиле состојбата со спроведување на интерени контроли, односно даде негативно мислење и даваат препорака до одговорните органи дека е неприфатливо едно лице да извршува и води како сметководствена евиденција така и благајна.

- За констатацијата дека недостасуваат најмалку два благајнички извештаи во двете благајни, ве информираме дека:

* За денарската благајна направени се благајнички извештаи за сите месеци, освен за месец Ноември, како и дека сите сметки се потпишани од позадинската страна од лицата во установата кои ги користеле истите, додека на предната страна сите сметки се потпишани од страна на раководното лице кое ги одобрува. Сите сметки се подредени хронолошки согласно временскиот период на настанување на промените. Во однос на причина за неизработката на благајнички извештај за месец ноември е поради тоа што во овој месец салдото на готовина со која располага благајната е со износ од 526,00 денари, и во овој месец воопшто немало подигање на готовина. Износот со кој располагала благајната бил недоволен за исплата на сметките и истиот износот е пренесен како салдо во месец Декември (оваа состојба ќе била увидена од ваша страна доколку детално се направи увид во благајничкиот извештај од 31.10.2012 год.).

* За девизната благајна се направени сите благајнички извештаи за сите месеци, освен за Јуни причина за ова е што во овој месец не постои раздолжување по патен налог, односно нема промена на салдото во девизната благајна.

- За констатацијата во врска со висината на благајничкиот максимум напомнуваме дека висината на благајничкиот максимум ја утврдува учесникот во платниот промет со посебен акт согласно член 20 од одредбите на Законот за платен промет. Посебниот општ акт според член 20 став 2 на Законот за платен промет преставува одлука која ја донесува надлежниот самоуправен орган. Согласно ова нема одредба во ниту еден закон каде што се уредува висината на благајничкиот максимум. Сметаме дека непрофесионално е да биде дадена забелешка на благајничките максимуми со оглед на тоа дека не постои никаде законска основа за истото. Од увидот во двете благајни лесно ќе сте увиделе дека во денарската благајна никогаш немало 80.000 ден колку што е благајничкиот максимум, односно благајничката средствата кои ги подига еднаш или некогаш двапати во месецот во зависно од

потребите изнесуваат по 10.000 ден, до максимум 15.000 ден. Во однос на девизната благајна високиот максимумот е одреден посебно за службените патувања на големите филмски фестивали како Канскиот филмски фестивал кој се случува во Мај на кој Филмскиот фонд учествува со свој штанд и со повеќе учесници од Македонија каде во тек на 10 дена се презентираат македонските филмови и автори. Доколку се направеше подетален увид на трошењето на средствата ќе се увидеше дека благајничкиот максимум не бил практикуван ниту за денарски, ниту за девизни средства.

2. Во делот 3.2- усогласеност со законите и прописите во општиот дел наведувате дека преку сметката на ФФРМ во текот на 2012 год. е обезбедена финансиска поддршка за проекти кои се составен дел од Годишната програма и за истите се исплатени вкупен износ од 217.730 илјади денари за 31 филмски проекти како и 4.647 илјади денари за останатите активности на ФФРМ. Од нашата документација увидуваме дека сте направиле превид во горенаведените износи, како и бројот на проекти и износи по останати активности во ФФРМ, односно во текот на 2012 год. по Годишна програма е исплатено вкупен износ од 216.716.000 денари за 29 филмски проекти, за филмски фестивали и манифестации во земјата е исплатен вкупен износ од 3.711.832,00 денари, за проект за оспособување на киносалите 3.432.280,50, за други финансиски поддршки за филмска дејност 3.547.597,50 денари, за активности во странство 19.650, 704,50 денари и 1.144.464,50 денари за останатите активности на ФФРМ. Во прилог во го доставуваме Извештајот за реализацијата на финансиските средства од буџетот за филмска програма за 2012 година на ФФРМ со детален опис на сите исплати.

Појаснување за направениот превид во нацрт извештајот: од направениот увид од ваша страна во 19 филмски проекти од кои 18 филмски проекти имале исплата во 2012 год. за кои од страна на ФФРМ е исплатен вкупен износ од 211.776 илјади денари. Во оваа година фондот врши исплата на заостанати или започнати обврски по проекти за уште 10 филмски проекти и по истите е исплатен вкупен износ од 4.940 илјади денари. Согласно ова во 2012 год. е обезбедена финансиска поддршка за проекти кои се составен дел од Годишната програма и за истите се исплатени вкупен износ од 216.716 илјади денари за вкупно 29 филмски проекти.

Забелешки по потточки:

- потточка 3.2.1 Изборот на филмски проекти долгометражните (мнозински и малцински) се врши согласно следнава постапка: Читање на сценаријата на долгометражните (мнозински и малцински) филмови од страна на рецезентите и пополнување на листа за евалуација за секој проект одделно. По доставување на листите за евалуација од страна на рецезентите на седница на Управен Одбор, претседателот и четирите членовите и директорот врз основа на Правилникот за

критериуми при одобрување на проекти за програма од филмска дејност (интерен акт) ги евалвираат проектите и утврдуваат дали ги исполнуваат критериумите за добивање на поддршка за ДМ, како и утврдуваат дали се работи за етаблиран режисер или дебитант. По евалуирање на секој филмски проект одделно одлучуваат кои филмски проекти ги исполнуваат условите за влез во втор круг на одлучување. Сите филмски проекти кои поминуваат во втората фаза се читаат (второ читање) од страна на секој член на УО. Претседателот на Управениот одбор и членовите на УО во понатамошната постапка даваат свое мислење за сценариото, буџетот, стратегијата која ја поставил продуцентот за обезбедување на средства, износот кој го бара од фондот и сл. како и врз основа на направените евалуации од страна на стручните служби во фондот (по дадената апликација на конкурс, како и по проектите кои се завршени или се во тек на реализација ) ги евалуираат продуцентската куќа (продуцентот) и режисерот. Секој член одделно дава оценки и предлози за проекти кои според него треба да бидат дел од годишната програма. Се прави евалуација на сите проекти за кои одреден член го дал својот глас. Потоа секој член одделно дава свој краток осврт за проектите за кои смета дека треба да бидат поддржани. Се прави евалуација од предложените проекти на сите членови и оние кои имаат добиено најмногу гласови, го сочинуваат предлогот на Управниот одбор.

Во однос на документарните, кратките и анимираните филмови постапката ги опфаќа овие фази, секој проект одделно се разгледува од Упраниот одбор се чита сценариото, синопсисот, стори бордот, во однос на продуцентот се гледаат сите дела кој што ги продуцирал, односно сите дела кој ги режирал режисерот и ги доставил со апликацијата или пак ги изработил со поддршка од фондот. По завршување на првата фаза се прави поширок избор на проекти кој сите членови на УО дале свое мислење дека потребно е да бидат финансирани со наведување на причините зошто сметаат дека треба да биде поддржани. Вооедно при давање на предлогот се увидува дали продуцентот, режисерот ги исполнува критериумите од Правилникот за критериуми при одобрување на проекти за програма од филмска дејност (според интерен акт) како и дали ги има исполнето и обврските кон ФФРМ. Се прави предлог од страна на Управниот одбор.

По добивање на предлози од страна на Управниот одбор, Директорот согласно Законот за филмски фонд изготвува Предлог програма со предлог финансиска поддршка согласно Правилникот за критериуми при одобрување на проекти за програма од филмска дејност (интерен акт) и буџетот со кој располага во наредната година вклучувајќи ги и обврските од проектите кои повеќегодишно се финансираат. На следната наредна седница на УО, директорот дава краток осврт за сите проекти кои се дел од неговиот предлог. Управниот одбор ја донесува,

односно усвојува Годишната програма за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност.

Врз основа на горенаведеното укажуваме дека изборот на филмски проекти опфаќа повеќе фази на евалуирање, односно рецезентите го оценуваат само квалитетот на сценариото, додека УО го оценува:

- капацитетот на сценариото, продуцентот и режисерот, односно утврдува дали согласно Правилникот продуцентот, односно режисерот ги исполнуваат условите за снимање на филм долгометражен, краток, документарен и анимиран

- утврдуваат дали станува збор за етаблиран режисер, односно продуцент кој има капацитет да создаде сложен филмски проект

- утврдуваат дали дебитантот режисер, односно продуцент има сценарио, стратегија за развој на филмскиот проекти како и капацитет да создадат филмско дело по сценариото кое е аплицирано

- дали продуцентот, односно режисерот имаат капацитет да го затворат целокупниот буџет кој е аплициран врз основа на доставената стратегија, како и врз основа на досегашното искуство во претходно реализираните филмски проекти

- дали продуцентот ги има оставарено сите обврски кон фондот и сл.

Имајќи го предвид горенаведеното евидентно е дека за разлика од претходната процедура на одлучување за доделување на средства за филмски проекти која се применуваше во Министерството за култура, Филмскиот фонд истата ја има поопширно опфатено со повеќе фази на одлучување со оглед на тоа дека Правилникот за критериуми за финансирање на проекти од филмската продукција и елементите што треба да бидат содржани во проектите од филмска продукција што се од национален интерес (подзаконски акт донесен од Министерот за култура) не опфаќа било каква законска рамка преку која УО би можел да ги евалуира проектите. Од друга страна УО по состав е управувачко орган составен од еминентни филмски работници кои врз основа на долгогодишно работно искуство во филмската дејност имаат капацитет да одлучуваат кои проекти ќе бидат одобрени за финансирање. Сепак констатацијата на ДЗР дека при одлучувањето не е обезбеден објективен и независен избор на филмски проекти и влијае субјективниот фактор треба да е јасно дека досега колку што ни е познато никој не воспоставил систем на егзактно оценување со кој ќе се мери било која уметност. Според искуството од другите фондови, вклучувајќи го и најголемиот Европски филмски фонд ЕУРИМАЖ во кој и Македонија е една од земјите членки

во управниот одбор, одлучувањето за поддршка на проекти се донесува со мнозинство на гласови во управниот одбор, без некакви мерливи системи со бројки или сл. Воведувањето на системи со бројки нема да значи избегнување на субјективното мислење за оценувањето на едно сценарио, односно истото се сведува на бодување на сценариото исклучиво според субјективно мислење преточено во бодови со броеви.

Сепак, со воведување на новата законска регулатива, односно новиот Закон за филмска дејност во тек е изработката на Правилник за критериуми и мерила за оцена на критериуми за финансирање на проекти од национален интерес со кој се има тенденција поддетално да се уреди евалвацијата на проектите и да се изведе некаква мерлива вредност на аплицираните проектите базирана на критериуми и мерила на сценариото и успешноста на продуцентот и режисерот со претходните филмови. Се уште се поставува прашањето дали филмот може егзактно да се мери, посебно во фаза кога за него има само пишани документи (сценарио, режисерска експликација, буџет и др.), а се одлучува за аудиовизуелно дело кое би се реализирало во подолг временски период. За новиот правилник сеуште се организираат јавни дебати со филмските дејци за да се воведе правилен систем на вреднување.

Дополнителна причина за донесување на ваков правилник е тоа што за разлика од претходниот УО на ФФРМ, со законот се предвидува УО да биде составен од мнозинство од членовите кои доаѓаат од областа на општествените науки, и можеби никогаш досега не биле во допир со филмската дејност. Истиот правилник вооедно ќе го применуваат и повеќе советодавни тела кои согласно законот се формираат во рамките на агенцијата. Дали ваквиот систем на критериуми и мерила ќе резултира со “егзактно оценување“ на проектите и дали воопшто ќе биде применлив ќе може да се увиди доколку ваквиот предлог правилник како под законски акт кој го донесува Министерството за култура биде донесен и стапи во сила. После тоа само времето може да покаже дали овој систем може да обезбеди целосно објективен и независен избор на филмските проекти.

Вашата констатација дека горе објаснетата постапка на одлучување може да има за ефект поддршка на неприоритетни и неквалитетни проекти, како и поддршка на продуцентски куќи и режисери кои немаат капацитет да го реализираат поддржаниот проект напоменуваме дека Годишната програма се доставува до Министерството за култура и до Владата на Република Македонија и по истата никогаш ниту едно од горенаведените тела нема дадено ваква констатација.

Долу наведениот приказ од табелите дава спротивна состојба од увидената односно од вкупно 130 филмски проекти поддржани со Годишни програми до крајот на 2013 год, во период од 6 години завршени се вкупно 75 филмски проекти. Квалитетот на

филмските проекти се оценува по вкупниот број на прикажувања на фестивали и награди, односно до 2013 завршените проекти се имаат прикажано на повеќе од 600 фестивали и имаат освоено вкупно 104 награди. Овие податоци укажуваат дека УО донел одлука за финансирање на квалитетни проекти како и правилно го утвдил капацитетот на продуцентски куќи и режисери.

| Број на подржани филмски проекти 2008-2013 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Годишна програма: | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно: |
| Долгометражни | 9 | 7 | 8 | 4 | 4 | 10 | *42* |
| Документарни | 6 | 9 | 10 | 6 | 4 | 7 | *42* |
| Кратки | 5 | 1 | 12 | 2 | 6 | 8 | *34* |
| Анимирани | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | *12* |
| Вкупно: | *21* | *19* | *33* | *13* | *16* | *28* | 130 |

| Број на завршени филмски проекти 2008-2013 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Годишна програма: | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно: |
| Долгометражни | 1 | 2 | 7 | 6 | 3 | 2 | *21* |
| Документарни | / | 8 | 4 | 6 | 1 | 4 | *23* |
| Кратки | / | 3 | 4 | 8 | 4 | 5 | *24* |
| Анимирани | / | 2 | / | / | 3 | 2 | *7* |
| Вкупно: | *1* | *15* | *15* | *20* | *11* | *13* | 75 |

| Реализирани филмови – учество на фестивали 2008-2013 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на учество | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно: |
| Долгометражни | / | 7 | 49 | 70 | 104 | 47 | *277* |
| Документарни | / | 24 | 14 | 14 | 11 | 25 | *88* |
| Кратки | / | 8 | 12 | 7 | 90 | 49 | *166* |
| Анимирани | / | 8 | 15 | 21 | 22 | 15 | *81* |
| Вкупно: | / | *47* | *90* | *112* | *227* | 136 | 612 |

| Реализирани филмови – награди на фестивали 2008-2013 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година на учество | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Вкупно: |
| Долгометражни | / | / | 9 | 21 | 22 | 3 | *55* |
| Документарни | / | 6 | 4 | 1 | / | 5 | *16* |
| Кратки | / | 3 | 1 | 1 | 15 | 7 | *27* |
| Анимирани | / | 2 | 2 | 1 | / | 1 | *6* |
| Вкупно: | / | *11* | *16* | *24* | *37* | 16 | 104 |

Колку за споредба на филмската продукција, во периодот од независноста на Р. Македонија 1991 до 2008 година кога ФФРМ ја даде првата финансиска поддршка по годишна програма за филмски проекти, во период од 17 години се произведени вкупно 58 филмови.

Потоа врз основа на вашиот наод со кој констатирате дека 15 филмски проекти подржани во период од 2008 до 2012 год ја немаат надминато подготвителната фаза

на реализација на проектот. Очигледно вашата констатација се однесува на фазата пред-продукција на проектот, односно проекти кои имаат потпишано пред-договор. Доколку е точна нашата интерпретацијата на вашето тврдење, напомнуваме дека од вкупно подржани 130 филмски проекти, само 7 проекти ја имаат надминато подготвителната фаза на реализација на проектот, односно 4 ДМ и 3 ДОК. Од вкупните 7 филмски проекти кои ја имаат надминато фаза се донесени следниве акти:

- За 1 ДМ со одлука бр. 07-232/2 од 01.06.2011 год. , одлука бр.07-581/2 од 28.12.2011 год. и одлука бр. 07-821/5 од 26.12.2012 год. се продолжува рокот за затварање на финансиската конструкција и истиот врз основа на доставена документација е утврдено дека буџетот е затворен со што истиот во текот на јануари ќе пристапи кон потпишување на договор и ќе започне истиот месец со реализација на проектот. Причина за надминувањето на рокот за подготвителна фаза е рецесијата која го зафати целиот свет која допринесе за неможност и отежнување на ноѓање на кофинансиери за затварање на целокупниот буџет.
- 1 ДМ со одлука бр. 07-232/2 од 01.06.2011 год. , одлука бр.07-581/2 од 28.12.2011 год. и одлука бр. 07-581/1 од 26.12.2012 год. се продолжува рокот за затварање на финансиската конструкција поради причина што дел од средствата се веќе обезбедени и за истите има потврда од страна на финансерите . Во текот кој следи се очекува со добивање на средства од холандија со цел затварање на финансиската конструкција.
- За 1 ДМ со одлука за престанок на финансирање на проектот бр. 07-821/3 од 26.12.2012 год. донесена од страна на УО престанува да се финансира проектот како и продуцентот е задолжен да ги врати дотогаш исплатените средства за проектот со рок до 26.12.2013 год.
- За 1 ДМ поради истек на рокот за затварање на финансиска конструкција и поради неисполнување на обврските од преддоговорот, односно не доставување на известување за состојбата на проектот согласно заклучок на УО од оддржана седница на ден 07-993/1 од 30.12.2013 год. кој гласи дека "средствата во максимален износ од 30.000.000 милиони денари се одобрени со одлука на УО врз основа на етаблираноста на режисерот наведен во апликацијата, од друга страна истечен е рокот за затварање на финансиската конструкција на пред-договорот бр. 03-274/7 од 29.12.2011 год. склучен помеѓу ФФРМ и Продуцентската куќа, поради што истиот се раскинува согласно законот за облигациони односи. Согласно овој заклучок УО го задолжи директорот на ФФРМ во рок од 15 дена да достави писмено известување за раскинување на пред-договорот до

продуцентската куќа и по доставување на истата да донесе одлука за промена на Годишна програма во која е одобрен проектот"

- За 2 ДОК поради сеуште не исполнети обврски по претходните проекти, бидејќи продуцентските куќи не беа во можност да започнат со реализација на новите проекти иако се потпишани пред-договори. 1 ДОК согласно пред договорот продуцентот започнал со развој на проектот и има доставено документација за веќе обезбедени дел од средства, сепак не е во можност да започне со реализација на проектот, односно по исплата на претходниот проект и постапување по извештајот ќе ја започне реализацијата на новиот проект.
- За 1 ДОК три пати е продолжен рокот и пред продолжување на истиот продуцентот навремено не известува за состојбата на проектот и потребата од продолжување на истиот. Бидејќи се работи за ДОК кој опфаќа комплицирана приказна поврзана со инструментален оркестар кој се снима во подолг временски период, а продуцентот сакајќи да направи филм со меѓународна копродукција и со него веќе учествува на повеќе копродукциски маркети па притоа самата реализација на проектот е отежната. Продуцентот го известувал фондот за досегашната работа и веќе на VIMEO има испратено секвенции од снимениот материјал.

Со оглед на тоа дека во периодот од создавање на фондот па се до 2013 год. од вкупно подржани 130 филмски проекти, вашата ревизија согласно нацрт извештајот извршила анализа на 18 филмски проекти кои се претежно финансирани во текот на 2012 година (опфаќањето на овој мал број на проекти е од причина што ревизијата се врши за тековната 2012 год.) вашата констатација и утврдувањето дека 15 филмски проекти ја надминуваат фазата на пред-продукција не е точно утврдена во однос на бројот, како и не се увидени целокупните промени кој ги наведуваме погоре во текстот со кој се утврдува следнава состојба: 7 проекти го надминуваат рокот на затварање на финасиска конструкција до кои на 2 ДМ веќе со одлука им е одземена финансиската поддршка, 1 ДМ ја затворил финансиската конструкција и истиот започнува со реализација на проектот во првата половина на 2014 год, 1 ДОК ги има завршено своите обврски кон претходниот проекти и во 2014 год. започнува со реализација на новиот проект и на вкупно 3 филмски проекти (1 ДМ и 2 ДОК) согласно одлука од УО рокот за затварање им е продолжен со дополнителни 6 месеци.

- потточка 3.2.2 во однос на констатацијата за преддоговорот, како и договорот дека содржат општи одредби во врска со намената на доделените средства ја даваме забелешка:

1. пред-договорот е правен акт со кој фондот се обврзува да му исплати на продуцентот 5% од средствата утврдени во одлуката за донесување на Годишна програма за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност. Овие средства согласно член 3 од пред договорот ФФРМ ги исплаќа за намена развој на фил́мскиот проект и активности за затварање на вкупниот буџет на проектот со средства од други домашни и меѓународни извори (ваквото дефинирање точно и прецизно даваат информации за намената на овие средства). Потоа во член 5 со цел ефикасна контрола на користењето на трансферираните финансиски средства ФФРМ го обврзува Продуцентот да отвори оперативна сметка за посебни намени на име на филмот (наменска сметка), за во член 6 од пред договорот го обврзе продуцентот да достави конечен извештај за наменското трошење на средства со прилог копии од фактури, договори и сл. кои соодвестуваат со банкови изводи од наменската сметка. Доколку по извршениот увид од фондот се утврди дека продуцентот го затворил вкупниот буџет на проектот како и добил позитивен финансиски извештај има право да потпише главен договор. Вооедно во член 8 се пропишани следниве одредби: доколку продуцентот не го затвори буџетот на филмот, како и не добие дополнително продолжување на рокот на затварање на буџет на филмот од страна на УО пред-договорот ќе биде раскинат и во рок од 60 дена во зависност од извештајот од направениот увид за наменско и законско трошење на средства веќе исплатените средства од фондот во целост или делумно ќе биде обврзан да ги врати. Доколку не е во можност да ги врати овие средства, истите фондот ќе му ги одземе од првиот нареден нов одобрен проект.5 Ваква одредба е ставена бидејки во фазата на пред-продукција во текот на развој на филмскиот проект, продуцентот има трошоци кои се поврзани со проектот како развој на сценарио, превод на сценарио, патни и др. трошоци во странство за изнаоѓање на ко-продуценти за филмовите, трошоци за апликации на филмски институции во други земји, избор на локации, канцелариски трошоци и сл. кои за намената за која се исплатени.

Иако согласно член 24 став 1 од Законот за Филмски фонд на РМ (Сл. весник на РМ бр. 70/06, бр. 92/08, бр. 36/11, бр. 136/11 и бр.136/12) е пропишано дека директор на фондот склучува поединечни договор за користење на средства со корисниците за средства кои во 2008 год. во членовите 5, 8, 12, 17, 19, 27, 28,29,30,32,37,38,39 содржат одредби во врска со намената на доделените средства, обврските на продуцентот кон фондот, контролата и ревизијата на доделените средства. Во 2009 год. овој договор се дополнува со дополнителни одредби во врска со намената на доделените средства разделена по динамика на реализација на проектот (член 4), се додаваат одредби за авторските права и заштита на финансиските средства како и се ставаат подетално опишани одредби за наменското и законското трошење на средства (член 35, член 36). Напоменуваме дека извршена ревизија од ДЗР на Министерството

за култура во делот 10.1 во кој давате препорака Филмскиот фонд да ја зајакне контролата на наменското и законското трошење на буџетски средства на корисниците на средства од програмата за филмска дејност, Фондот постапил кон истите како и во натамошниот тек на развивање воспоставува уште поефикасна контрола на користење на трансферираните средства, осносно во 2010 год. воведува два правни акти, преддоговор со кој фондот се обврзува да исплати само 5% од вкупно одобрените средства со намена развој на проектот и затварање на буџетот на филмот и втор правен акт -договор со кој продуцентот по затварање на буџетот се стекнува со право да ги користи останатите средства за реализација на филмскиот проект (овој начин на работење во 2010 се опфаќа само кај долгометражните филмови кои добиваат поголема финансиска поддршка, за во 2011 год. да ги опфати сите категории на филмови).

Не се согласуваме со констатацијата  дека пред договорите и договорите опфаќаат само општи одредби во врска со намената на доделените средства како и дека фондот со текот на годините не се обидува да воспостави ефикасен начин на контрола на работа. Сето ова можеме да се увиди со тоа што е воспоставена процедура за работа во однос на финансирање на филмски проекти од национален интерес, како и во однос на ефикасен начин на контрола на наменското и законското трошење на средствата се пропишани со новата законска регулатива, односно Законот за филмска дејност (Сл. Весник на Република Македонија бр.82/13 од 05.06.2013) од член 34 до 39 кои вклучуваат и дополнителни одредби кои сме ги увиделе како недостаток во 2012 и 2013 год . и сме ги посочиле истите да бидат опфатени во законската регулатива. Доколку беше направен детален увид во текстот на договорите кои продуцентите ги потпишуваат со ФФРМ, јасно ќе се утврдеше дека со истите се пропишани јасни одредби со обврски и наменско користење на средствата за носителите на проектите.

Механизмот кој е воведен не само што воведува контрола, туку и воспоставува и одредена заштита на средствата од буџетот на РМ. Со ова напоменуваме дека исполнување на обврските од пред договорот преставуваат услов за пристапување кон потпишување на главниот договор со кој Продуцентот се здобива со право да започне реализација на филмскиот проект и да  продолжи понатамошниот тек на финансирање на проектот од страна на фондот. Доколку со извештајот за наменско и законско трошење на средствата кој се изготвува по доставување на документација од страна на Продуцентот по трошење на 5% од доделените средствата се увиди дека ненаменски и незаконски се трошеле средствата, продуцентот нема да има право да потпише главен договор. Механизмот на контрола понатаму продолжува и во натамошниот тек на финансирање, односно по исплата на одредени средства продуцентот е должен со барање за исплата да достави и извештај за дотогаш потрошените средства. Во

текот на финасирање, фондот предвидел и одредба (член 10) во која како гаранција за завршување на филмот, со потпишување на договор продуцентот ги пренесува во сопственост на фондот и сите права на Продуцентот што произлегуваат од реализација на филмот, односно филмот. Контролата продолжува и во натамошниот тек, односно по исплата на 90% од вкупните средства (детална динамика на исплата може да ја увидите во член 4 од договорот во кој и е опишана точната намена за која се исплаќаат овие средства), а 45 дена по премиерата на филмот, продуцентот доставува детален наративен и конечен финански извештај за наменското трошење на средствата со прилог спецификација на трошоци, копии од фактури, договори и сл. Увид во наменското и законското трошење на средства прави секторот за финансии во склоп на фондот составен од две лица, додека контрола на наративниот извештај, најавната и одјавната шпица, ко-продуцентските договори и други договори со кои продуцентот склучил договор за обезбедување на други средства прави советникот за продукција. Оваа контрола за долгометражните филмови кои се финансираат со поголеми средства се зајакнува во 2013 год. кога фондот повикувајќи се на член 26 од Законот за филмски фонд со решение бр. 02-153/1 од 14.02.2013 год. објавува јавна набавка за избор на економски оператор за ревизија по меѓународни стандарди и постапки за договорни постапки и верификација на трошоци.

- За да се констатира дека ФФРМ нема донесено интерен акт преку кој ќе се утврди начинот на подготовка на буџетот на проектот истиот потребно е да биде дефиниран со законски или подзаконски акт, па дури и со општ акт. Бидејќи донесување на овој интерен акт не е пропишан со законот, подзаконски акт или одреден општ акт како и не е воведен во конкурсот, напоменуваме дека ДЗР не е тело кое согласно законот, стручноста и надлежноста има дејност воведување одредени задолженија и обвски за материи кои се надвор од нивната стручност и компетентност. Буџетот кој го доставува продуцентот заедно со проектот не е обичен формулар кој ќе го изготви фондот, а продуцентот само ќе го потполни. Буџетот е документ преку кој се оценува продуцентот во однос на сценариото за проектот, а ако истиот се сведе на формулар ќе биде скратена можноста да се оценува продуцентот.

Напомнуваме дека во досегашните јавни расправи со филмски работници на кои присуствувале сите надлежни институции во областа на филмската дејност вклучувајќи го и Министерството за култура констатирано е дека донесување на ваков интерен акт може да се направи проблем при изготвување на буџетите од страна на продуцентските куќи, да биде преобемен или пак да не опфаќа одредени сектори и позиции кои би биле потребни за изработка на филмскиот проект. Во овие расправи, а следејќи ги европските и светските практики констатирано е дека не постои институција која со акт пропишува буџет согласно кој ќе се изработува

одредена категорија на филмски проект, а продуцентот само истиот ќе го пополни. Она што го користат сите е еден вид на општа форма од буџетот со податоци поврзани за проектот кои се неопходни за евалуација при одлучување. Ваков вид на проформа фондот ја имплементира во апликацијата која продуцентот ја пополнува со поднесување на проектот на конкурс, за понатаму во самиот пред-договор го обврзе продуцентот по развој на филмскиот проект и обезведените средства да достави конечен буџет пред реализација на проектот (при што продуцентот е должен да достави буџет во кој се претставени трошоци above line/below the line – односно креативен и производствен дел од буџетот).

Укажуваме дека терминолошко дефинирање на креативните позиции е опфатено во Законот за авторско право, додека останатите позиции се позиции кои се различни од потребата на проектот и истите се термини кој се општо познати. Непостоењето на лексикон чија цел би била превод на позиции на филм од англиски на македонски јазик е она кое можеби е потребно, но фондот може да поттикне создавање на ваков вид на лексикон кои всушност би преставувал анлиско-македонски превод на сите позиции кои се јавуваат на шпицата на еден филм. Исто така напоменуваме дека на најавната и одјавната шпица може да се случи одредено лице, фирма и сл. да се откаже од своето право да биде дел од истата (со изјава) или пак од друга страна продуцентот поради непознавање на точната транскрипција од англискиот јазик на македонскиот јазик да потпише договор за одредена позиција која по правењето на шпицата во соработка со своите ко-продуценти да биде изменета. Ваквите промени од наша страна не се признаваат и со извештаите детално се наведени сите позиции кои ги има и кој воопшто не постојат на шпицата. Доколку детално сте направиле увид на наш извештај за извршен увид во конечен финансиски извештај за проект ќе ги имавте правилни сознанија дека одредени неправилности во најавната и одјавната шпица се утврдуваат од страна на фондот и по истите е постапено.

Со оглед на тоа дека постои негативно мислење за нашето работење наша забелешка не само на оваа потточка, туку и на многу останати точки во извештајот е дека во нацрт извештајот со давање на конкретни забелешки без притоа за истите да се побара да бидат детално образложени со доставување на прилог документи е несоодветно од страна на ДЗР.

Од горенаведените причини, Филмскиот фонд на Република Македонија не може да ја прифати препораката Агенцијата за филм да усвои интерен акт со кој ќе се пропише начинот на изработка на буџет кој треба да стане задолжителен дел (прилог) кон договорот, додека во однос на констатацијата дека продуцентските куќи го злоупотребуваат законот за персонален данок на доход сметаме дека е неоснована и доколку имате докази и факти за истата, ве молиме да ја посочите

точно со цел постапување кон истата. Досега фондот согласно ревизорски извештај од надворешната ревизорска куќа има добиено извештај за неплатен персонален данок на доход со целосна документација (докази и факти) согласно која фондот ја доставува до надлежен орган (Управа за јавни приходи) за понатамошно постапување и преземање на соодветни законски мерки.

- За потточка 3.2.3 во која предвидувате изготвување на посебни завршни сметки за секој проект поединечно, напомнуваме дека е воведен принцип врз основа на кој фондот ги обврзува продуцентите да отворат посебна наменска сметка на име на проектот на која фондот врши уплата на средствата одобрени за финансирање на филмот, а продуцентот истите ги користи за плаќање и подмирување на направените трошоци согласно доставениот буџет. Може да се случи еден иста продуцентска куќа да има повеќе проекти, но истите имаат отворени посебни наменски сметки, како и може продуцентска куќа заради непрекинато функционирање и реализација на проектите доколку во даден момент не се исплатени средствата од фондот, а поради итноста на истите можно е да си префрлат средства од една сметка на друга, но истите потребно е да ги вратат по пристигнување на средства со следната уплата од фондот. Ова се случува поради причина што каснење на финансиски средства во текот на снимање на филмот предизвикува дополнителни трошоци, кои не се мали и вклучуваат екипа која може да биде составена од повеќе од 100 лица, опрема, локации и сл. Напомена: Динамиката на исплата на средства која е предвидена со склучените договори (член 4), често пати не е во можност да биде следена со оглед на тоа дека истата освен што се извршува согласно доставени писмени барања и исполнување на обврски од страна на Продуцентите сепак многу е зависна од динамиката на реализација на буџетот на РМ, односно префрлање на средства од Министерство за култура на сметка на Филмскиот фонд на РМ.

Правење на завршна сметка согласно законските прописи на сметководственото работење се поднесува еднаш годишно во месец февруари за претходната година, и притоа во податоците кои се поднесуваат сите трошоци се искажани во вкупни износи за едно правно лице, односно продуцентска куќа. Тоа е практиката која се применува согласно законот за трговските друштва и други законски регулативи.

- за потточка 3.2.4 во однос на препораката во договорите да се предвиди одредба со која корисниците ќе бидат обврзани да спроведуваат постапки за јавни набавки согласно член 5 став 1 алинеја 3 го насочуваме ДЗР дека во членот 8 има предвиден исклучок кој всушност ја опфаќа и продукцијата или копродукцијата на филмови (реализација на филм). Исклучокот со Законот за јавни набавки не е направен случајно, односно истиот ја опфаќа сложеноста, околностите во кои се врши продукција на филмот, времето и потребите на учесниците во реализација,

опремата за продукција, уметничката димензија на материјата која се создава и која не остава простор да се спроведува редовна постапка согласно со законот кај овие продуцентски куќи од стопанството, посебно во процесот на продукција.

- за потточка 3.2.5 напоменуваме дека од своето постоење до денес Филмскиот фонд на РМ во текот на три години согласно одобрениот буџет и ребалансот на буџетот по тековни буџетски години кои се објавуваат во Службен весник на Република Македонија никогаш не надминувале буџет од 500.000 милиони денари, а притоа вие во вашиот извештај да не упатувате кон член 30 и член 31 алинеа 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола дека не сме пристапиле кон основање на единица за внатрешна ревизија со раководител и три внатрешни ревизори. Намерата на Агенцијата за основање на одделение за внатрешна ревизија е опишана погоре.

Горенаведенот го образложуваме на следниов начин:

- во 2010 год. со буџетот (Службен Весник бр. 156 од 25.01.2009 год.) одобрени се средства во износ од 119.100.000 ден, со ребаланс на буџет 2010 год (Службен Весник бр. 95 од 16.07.2010 год.) одобрени се средства во износ од 120.109.000 ден, додека 2010 год. вкупно реализирани средства се 111.783.720 ден.
- во 2011 год. со буџетот (Службен Весник бр. 161 од 15.12.2010 год.) одобрени се средства во износ од 120.543.000 ден, со ребаланс на буџет 2010 год, додека 2011 год. вкупно реализирани средства се 139.025.076 ден.
- во 2012 год. со буџетот (Службен Весник бр. 180 од 26.12.2011 год.) одобрени се средства во износ од 251.184.000 ден, со ребаланс на буџет 2012 год (Службен Весник бр. 71 од 07.06.2012 год.) одобрени се средства во износ од 231.664.000 ден, додека 2012 год. вкупно реализирани средства се 251.555.753 ден.

Напомена пред образложение е дека средствата кои се одобруваат во буџетот на раздел 18010 програма 3 потпрограма 30 филмска дејност преставува збирна категорија од која средствата ги користат Филмскиот фонд на РМ и одделението за аудиовизуелни дејности при Министерството за култура. Распределбата колку средства ќе бидат доделени на годишно ниво на име на фондот е во надлежност на Министерството за култура, согласно ова доколку пресметаме реализиран буџет за 2010 , 2011 год и објавен буџет со ребалан со 2012 год. добиваме вкупен буџет за три години во износ 480.191.796 ден, односно средствата до крајот на буџетската 2012 год. ги има префрлено Минстерството за култура, Фондот не бил во можност истите да ги предвиди однапред, бидејќи ребалансот покажува поинаква состојба од онаа која со завршување на 2012 год. е реализирана.

Како што фондот укажа во делот 3.1 интерни контроли уште еднаш напоменуваме дека контролата на наменското и законското трошење на трансферирани средства од страна на продуцентските куќи ја врши секторот за финансии составен од две лица, а не како што наведувате во вашиот нацрт извештај едно, како и во текот на 2013 год. поради големиот обем на финансиски извештаи, како и согласно Законот за филмски фонд контрола на наменското и законското трошење на долгометражните филмови прави ѐкономски оператор за ревизија по меѓународни стандарди и постапки за договорни постапки и верификација на трошоци кој е избран согласно законот за јавни набавка. Во овој дел повторно даваме образложение дека во тек е изработката на новата систематизација согласно Законот за државни службеници како и веќе е добиена согласност од Министерството за финансии за вработување на едно лице на работно место во одделениото за внатрешна ревизија.

- За потточка 3.2.6 на констатацијата од извештајот лицата кои ја вршеле ревизијата точно да ги идентификуваат проектите каде што ФФРМ не ја почитувал рамката и оневозможувал навремено спречување на евантуалните ненаменски исплати и санционирање на продуцентските куќи. Напоменуваме дека редовно во секторите на фондот се води евиденција за фазата во која се наоѓа проектот и истите се ажурираат на веб страната како и притоа со исполнување на обврските за секоја фаза одделно, истите преку доставување на свое барање за натамошна исплата влегуваат во cash flow за исплата кое се води со износи за досега исплатени и проценти на исплата како во секторот за продукција така и во секторот за финансии (двојно во два сектори се следи исплатата и динамиката на реализацијата по проекти).

Во одредени ситуации се случувало поради трезорскиот начин на финансиско работење, налозите од страна на фондот да бидат пуштени, но истите да се исплатени со закаснување од месец или повеќе месеци (во почетокот на годината и крајот на годината). Друг случај на ненавремено следење на динамиката на исплата од страна на Фондот е доколку во една тековна година се снимаат долгометражни филмови кои преставуваат преоритет. Туку даваме до знаење дека филмот како уметничка форма не е прашање на инвидуалната амбиција и концентрација на творецот, уметникот не може со својата посветеност и уметнички нагон, со добра волја, неговата творечка сила, број на часови сам по себе да го создаде филм. Во филмот најважни се економските прашања, буџетот како и континуираната реализација е неопходна. Познавајќи ја оваа сложеност исплатата за долгометражните филмски проекти во фазата на продукција и пост-продукција преставуваат преоритети на исплата не само во Република Македонија туку и согласно светските и европските практики. Финансискатата контрола е опфатена и образложена во горенаведените потточки. Напоменуваме дека со досегашната

финансиска контрола се запознаени и Министерството за култура и Владата на Република Македонија и во досегашниот тек на работење на фондот истите не доставиле никакви забелешки за спроведување на истата.

- За потточка 3.2.7 врз основа на забелешката дека за три долгометражни филмски проекти фондот има исплатено поголема финансиска поддршка во висина која го надминува максималниот износ од 30.000.000 денари кои износ е предвиден во интерен акт донесен од Управниот одбор на фондот и со конкурсот укажуваме дека овие проекти го надминуваат максималниот износ согласно извадоци од нацрт записници од страна на Владата на РМ со кои се задолжува во дел Министерството за култура, во дел Филмскиот фонд да ги обезбеди дополнителните средства во буџетските години 2011 год., 2012 год. и 2013 год. и тоа со следниве извадоци од нацрт записници: извадок од нацрт записник бр. 51-17/180 од 30.08.2010 год. , извадок од нацрт записник бр. 51-17/183 од 14.09.2010 год, извадок од нацрт записник бр.51-2411/1 од 5.04.2011, извадок од нацрт записник бр.41-17/75 од 1.08.2012 год., извадок од нацрт записник бр. 51-17/169 од 01.07.2010 год., извадок од нацрт записник бр.51-2411/1 од 05.04.2011 год., извадок од нацрт записник бр.41-17/75 од 01.08.2012, извадок од нацрт записник бр.51-1415/1 од 30.03.2011 год.

Во однос на вашата костатација за доцнењето во исплата на средства за останатите поддржани проекти, како и за тоа дека истите можеле да бидат искористени за поддршка на поголем број на проекти, укажуваме дека врз основа на законската регулатива Филмскиот фонд објавува Годишна програма еднаш годишно по објавен конкурс во Септември и било какво дополнување на програмата би било спротивно на законот, додека доделување на дополнителни средства за поддршка на веќе одобрените средства, фондот согласно Правилникот (кој е интерен акт) и објавениот конкурс нема основа да доделува средства повисоки од утврдените. Барањата за дополнителни средства доставени од страна на продуцентите, Министерството за култура и ФФРМ ги доставува во посебно утврдена форма која содржи меморандум, информација, фискални имликации и сл. до Владата на Република Македонија која одлучува по истите. Владата на Република Македонија како највисок државен орган има право на вакво одлучување и притоа вашата констатација не е во надлежност на ФФРМ.

За вашата препорака да биде воведена анализа на доставените буџети за проектите со цел утврдување на нереални ставки, Ве известуваме дека при изработка на новиот закон за филмска дејност, а по укажување на ФФРМ за потребата од финансискиот советници истиот е воведен како советодавно тело со надлежност правење на анализа и проверка на буџетот доставен со проектот на конкурсот, односно утврдување на објективноста и усогласеноста на оперативениот план со финансиски план. Вашата препорака е веќе опфатена со законот кој е донесен во

јули и истиот ќе биде во примена од 01.01.2014 год., кога и вие бевте и вршевте ревизија. Незапознаеноста со оваа материја укажува дека ревизијата не ги земала во предвид сите дејствија кои ФФРМ ги превземал за унапредување и зајакнување на финансиската контрола.

3. За точка 3.3 финансиски извештај, во потточка 3.3.1 согласно констатацијата дека пописните листи не содржат поединечни вредности напоменуваме дека истите содржат, освен во делот каде што има повеќе количини истите се ставени во вкупен износ. Вкупните износи во овие делови се разложени по поединечни вредности во пописната листа која е компјутерски изработена во ексел табела од страна на комисијата за попис и истата преставува прилог на пописната листа од хартиената форма кои служат за усогласување со сметководствената евиденција. Во однос на обележувањето на опремата со инвентарни бројчиња досега не била воведена поради премалиот број на опрема со која располага филмскиот фонд, а која лесно се препознава на попис. Оваа забелешка е воочена и ве известуваме дека ќе постапиме по вашите насоки.

- за потточка 3.3.2 во однос на вашите констатации дека исплатата на продуцентите преку благајна е значително висок, напоменуваме дека ФФРМ нема надлежност во начинот на работењето во продуцентската кука. она што во нашите извештаи го содржи е повикување по законската регулатива Закон за платен промет кој во член 20 е дефинирано дека исплата во готово за производи и услуги не сме да го надмине износот од 100 евра во денарска противредност на една сметка. Колку средства продуцентите ќе подигнат или наменат на име на материјални трошоци исплатени во готовина ФФРМ нема надлежност истите да ги ограничи. Исто така напомнуваме дека во нацрт извештајот се содржи и реченица која гласи "висината на материјалните трошоци кои се плаќаат во готовина кај два ДМ проекти е значителна и истата изнесува околку 10%. ()." , и бидејќи не е довршена истата не е разбирлива. Констатацијата од ваша страна дека се создава ризик од можна употреба на подигнатите сресства за цели кои не се поврзани со рализацијата на филмскиот проект, потребно е да насочите за конкретно проект станува збор со цел наше понатамошно увидување и постапување. Вака дефинираните речениците наликуваат на увид извештаите кои нашиот финансиски сектор ги има веќе увидено и за истите има дадено насоки до продуцените и предлог постапки до УО за понатамошно постапување. Во однос на двојните фискални сметки истите со увид извештаите не се прифаќаат како оправдување за наменско потрошени средства и за истите им е укажано како и се во делот на непризнаени трошоци кои не се исплаќаат од ФФРМ, истата постапка се однесува и за бланко сметкопотврди или сметкопотврди и фискални сметки со нејасна содржина.

Повторно напоменуваме дека филмот е жива материја која во одредени ситуации буџетот да претрпи одредени измени како и да не бидат предвидени одредени ставки кои во процесите се неопходни за целосна реализација на филмот. ФФРМ ја регулира оваа ситуација во договорот за финансирање во кој предвидува дека со средствата кои се доделуваат од страна на ФФРМ може да се покриваат исклучиво ставки кои во конечниот буџет и финансиски план се преставени дека ќе бидат покриени од страна на ФФРМ (ова значи дека Продуцентот има право да врши прераспределба на средства од еден сектор во друг, но распределбата не смее да го надминува износот кој е одобрен). Исто напоменуваме дека со Законот за филмска дејност во член 39 став 4 предвидено е и прифаќање на отстапување од финансискиот и опративниот план за средствата доделени од Агенцијата, како и дефинирано е ако во случај ова отстапување е во износ поголем од 10% од вкупно добиените срества за пренамените на средства во буџетот или дополнувањата со нови непредвидливи ставки во буџетот треба Продуцентот да побра одобрување од страна на УО кој има право да даде согласност или да го одбие по што се презема следнава мерка: активнирање на банкарска гаранција, раскинување на договор и побарување Продуцентот да ги врати средствата со законска затезна камата.

По вашата препорака ФФРМ да создаде обврска за целосна, ажурна и уредна изработка и приложување на комплетна документација во врска со направените материјални трошоци до сега како одредба и обврска е регулирана со договор. ФФРМ редовно со свои известувања ги известува продуцентските куќи со точно определени рокови за постапување по известувањето, додека оние продуцентски куќи кои не постапиле по истите ФФРМ ги има пријавено со пријава во Финасиска полиција. Досега ФФРМ со УО поради увидување дека средствата на име на проектот се ненаменски или незаконски трошени ги има одземено, односно не извршил уплата на средствата во износот кој е утврден како поддршка за проектот. Доколку е увидено дека последната уплата не ја покрива вкупниот износ кој што од страна на финансискиот сектор е увидено дека е ненаменски потрошен УО го задолжува да ги врати на наменската сметка на проектот и да постапи кон исполнување на обврските по буџет. Во новиот закон за филмска дејност вооедно воведени се уште поригорозни мерки и тоа:

- парични глоби: од 1000 до 1500 евра доколку не ги врати средствата согласно член 31 од законот, доколку не достави извештај за филмот согласно членовите 38 и 39, доколку ненаменски или спротивно на договорот ги користи средствата согласно членот 39, доколку не овозможи контола на користењето на средства согласно член 36 став 5;

- поднесување на тужба до надлежен суд доколку продуцентот не ги исполни обврски од преддоговорот согласно член 34;

- забрана за учество на конкурс во следните 10 години сметано од денот кога со акт на Агенцијата е констатирано дека не ги вратил средствата во врска со проектот како и поднесување на тужба до надлежен суд согласно член 36.

Потребата од ваков регистар, ФФРМ веќе ја имаше увидено и притоа што по негова инцијатива во новата законска регулатива е воведена забраната. Формата на забраната ќе биде донесена од страна на УО и истата ќе биде објавена на веб страната, како и досега во праксата и по записниците од УО ќе увидевте дека при донесување на одлуката за избор на проекти голема улога игра елементот остварени обврски кон претходни проекти.

- за потточка 3.3.3 Во однос на констатацијата дека кај еден ДМ едно лице е исплатено во износ од 888 илјади денари, а предвидено во буџетот со износ од 132 илјади денари, истото сте го увиделе од наш извештај за извршен увид во конечен финансиски извештај, кој сме го утврдиле и сме ја насочиле продуцентската куќа да даде образложение по сите наоди од нашиот извештај. Истата се обраќа до ФФРМ по што е направен повторен увид и документацијата се става на дневен ред на седница на УО кој одлучува со одлука да не се исплати износ на име на проектот за кој е утврдено дека е ненаменски потрошен. За констатацијата дека одредени позиции кои не се поврзани со креативниот дел од процесот се плаќаат повисоки средства напоменуваме дека овој ДМ преставува омнибус филм кој опфаќа 8 КМ во својот состав, сите 8 КМ беа снимени на различни локации во различни временски интервали. Продукцијата на овој омнибус опфаќаше поголем број на ангажирани лица кои во текот на целата реализација имаше потреба да бидат променети со други или едно лице да извршува повеќе работни задачи што го зголемуваат обем на работа, часови и сложеност на работата. Исто така во тој период во Македонија започнаа со снимање повеќе ДМ. Уште еднаш укажуваме дека филмот е жива материја кој во текот на реализацијата може да претрпи измени и тоа: зголемен временски период за реализација на филмот што повлекува исплата на поголеми средства во однос на веќе договорените кои се потврдуваат со анекс договор, може поради способноста искуството и знаењето едно лице да извршува повеќе работни позиции во еден филм, поради временски неприлики и ситуации кои се непредвидливи времетраењето на една сцена да трае повеќе саати, повеќе денови што повлекува средства за целата екипа, кетеринг, гориво, сместување и.т.н.

За констатацијата поврзана со фестивалот по увид во целокупната наша документација за 2012 год. нема направено пренамена на трошоци за која тврдите, како и ФФРМ не може да утврди за кој ДМ се однесува забелешката дека е исплатен поголем износ на други позиции. За точката 3.3.3 ФФРМ бара од ДЗР подетално објаснување за филмските проекти за кои е утврдена состојбата која ја сочинува оваа точка.

Исто така ФФРМ бара детално образложение од ДЗР и ревизорите кои го имаат изготвено нацрт-извештајот да посочат по кои законски регулативи и прописи може да се дефинира што се смета за доказ за реалноста и објективноста на извршените услуги. Барањето е од причина што во филмската дејност не постои ценовник на услуги, не постојат проценители на услуги кои може ФФРМ да ги користи, како и доколку ги земеме во предвид пазарните цени на услугите истите се променливи со оглед на тоа дека постојат ограничен и мал број на филмски работници. Од оваа причини по предлог на ФФРМ во Законот за филмска дејност во членот 28 се имплементира механизам согласно кој ќе се води АФ и ќе ги насочува продуцентите во делот на услуги, односно надоместоци за авторски и други хонорари, и истото ќе биде опфатено во договорот. Во однос на констатацијата анализа на структурата на трошоците укажуваме дека ФФРМ по донесување на одлука во ниеден филмски проект, не влегува во финансиската конструкција со повеќе од 70%, дури во некои случаи и поддршката е многу помала од 50%, средствата кога се доделуваат во однос на сценариото и неговата сложеност се предлага буџет за поддршка ова преставува првата фаза во која се анализа на структурата на трошоци наведени во буџетот. Втора фаза е по доставување на комплетна документација за затварање на финансиска конструкција со намера пристапување кон склучување на договор се врши увид од буџетот доставен во апликација и новодоставениот буџет кој доколку има зголемување или намалување на одредени ставки истите се разгледуваат од УО кој го одобрува или одбива изменетиот буџет со што се создава услов за склучување на договор или за раскинување. Третата фаза на анализа е доколку во текот на реализација на проектот продуцентот достави одредена пренамена по ставки или иститот има намера да измени одредени ставки кој повторно се разгледуваат од УО согласно договор. Четврта фаза на анализа е со доставување на крајниот наративен и финансиски извештај кој по увидот од финансискиот сектор доколку има одреден наод со кои се укажува на ненаменско и незаконско трошење, надминување на износите од буџетот, промена на авторски и други позиции и сл. се доставува на УО кој има право да ги прифати согласно обрзложенијата и причините за настанување на истите или да не ги прифати и да донесе одлука за неисплата, задолжување за враќање на средствата како и раскинување на договор. Во однос на неприфаќање на трошоци врз основа на фактури, договори и др. документи по целосна реализација на филмскиот проект и доставување на филмскиот проект до надлежните институции ФФРМ не располага со податоци за вакво тврдење. Доколку се мисли за средства кои се доделуваат за изработка на филмски копии, поддршка за промоција и премиера на филмот како и давање на поддршка за ОСКАР и сл. напоменуваме дека истите се доделуваат како дополнителни средства надвор од средствата доделени со одлука на име на проектот.

- За потточка 3.3.4 ФФРМ има увидено дека повеќе субјекти користат едно исто лице за вршење на сметководствени работи, но укажуваме дека ФФРМ нема законска надлежност нуту пак никаде не е пропишано со закон согласно кој ФФРМ може да ги обврзе продуцентите да користат различни лица за вршење на сметководствените работи. Доколку ФФРМ на било кој начин навлезе во избор или делегирање на лицата кои вршат одделни работи и работни задачи во работењето на стопанските субјекти тоа би значело мешање во работењето и политиката на самата продуцентска куќа која 100% е во приватна сопственост. Додека во однос на увидот во ДМ за кој се опфаќаат повеќе наоди укажуваме дека во време на вршење на ревизија од страна на ДЗР во ФФРМ овој проект беше на ревизија во ангажираната ревизорска куќа и по истиот сеуште не е доставен конечен извештај за фактички наоди. По добивање на фактичките наоди како за овој ДМ така и за другите филмски проекти кои се на увид ФФРМ/АФ ќе пристапи кон постапување и ќе ги преземе сите законски мерки.

Со ова ви укажуваме повторно дека ФФРМ има воспоставено мерки за зајакнување на контролата на наменското и законското трошење, како и во договорот за финансирање е предвидено затварање на финансиската конструкција пред пристапување на потпишување на главен договор и не се случило во досегашниот тек на работење продуцентска куќа да прикаже средства кои останале непотрошени по целосната реализација на филмот.

- за потточка 3.3.6 по вашата констатација за набавена опрема и електрични уреди увидени кај 1 ДМ укажуваме дека со одлука на УО бр. 07-821/4 од 26.2012 год. средствата по наш увид во извештај веќе се одземени средства во износ 520.158 денари како ненаменски потрошени. Пред да се стави препорака во нацрт извештајот потребно било ревизорите да ги увиделе и механизмите по кои ФФРМ постапува по увидот и утврдувањето дека одредени средства се потрошени ненаменски или незаконски. Иако во договорот не е изричито посочено ова дефинирање, сепак во праксата доколку се увиди дека се набавува опрема која останува во сопственост на продуцентската куќа истите се одземаат од наредната исплата. Во овој дел ја поврзуваме и потточка 3.3.5 за која информираме дека по препорака на ФФРМ, Министерството за култура во ново формираната Национална установа Филмски Центар Вардар Филм – Македонија во одлуката создаде надлежност оваа установа да се грижи за фундусот и реквизитата која се набавила за реализација на проектите и истите таа ќе ги прибира со цел натамошно работење со истите. Согласно ова, Ве известуваме дека по извештаите и увидите од наша страна, а по трансформацијата во Агенција, истата ќе ги задолжи продуцентите да ги достави сите набавени досега стоки кој во поголем процент по ревизорските извештаи од страна на независната ревизорска куќа се во магацините или во Кинотека на Република Македонија да ги доставува до Национална установа

Филмски Центар Вардар Филм – Македонија, како и во новите договори со Агенцијата ќе стои одредба која ќе ги обврзе продуцентот по завршување на проектот сите делови од сценографијата и костимографијата кои се купени со средствата на ФФРМ/АФ во точно определен рок да ги достави во целост до Национална установа Филмски Центар Вардар Филм – Македонија. Напоменуваме дека сите продуцентски куќи имаат евиденција за сите набавки направени досега, како и дел од нив имаат магацини за нивно чување.

ФФРМ уште еднаш се упатува до ДЗР согласно горенаведените забелешки укажани од наша страна да ги увиди направените превиди, описи и препораки во нацрт извештајот и повторно врз основа на доставената документација во прилог објективно да ја утврди фактичката состојба на финансиските извештаи и усогласеноста со законските регулативи кои ФФРМ ги применува.

ФФРМ очекува дека ДЗР по увид во неточно утврдената состојба и направен превид во нацрт извештајот, повторно ќе ја разгледа документацијата врз основа на која е вршена ревизијата и по точно утврдување на објективната состојба ќе даде позитивно мислење за работењето со препораки за унапредување на процесите кои веќе се започнати, а се движат во насока на законско и наменско работење на АФ.

Во прилог на забелешките по нацрт извештајот доставуваме листа на документација која ФФРМ ја доставува до ДЗР.

Филмски фонд на РМ

Дарко Башески, директор

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ФИЛМСКИ ФОНД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Прилог:

- Барање за вршење на ревизија на работењето на Филмски Фонд на Република Македонија .
- Барање за вработување согласно НПАА планот бр.05-427/1 од 22.10.2008 година
- Барање за ангажирање на работник со привремено вработување бр.05-557/1 од 09.01.2009 година.
- Барање за одобрување на вработување со превземање од друга државна администрација бр. 04-247/1 од 27.04.2009 година.
- Барање за вработување според НПАА планот бр. 04-281/1 од 11.05.2009 година.
- Известување, доставување: Врска: ваше барање брбр.02-16956/2.
- Вработување според НПАА Планот бр. 05-548/1 од 07.08.2009 година.
- Барање за ангажирање на работници според НПАА бр. 04-826/1 од 21.12.2009 година.
- Барање за ангажирање на работници со редовно вработување бр. 04-338/1 од 23.07.2010 година.
- Барање за ангажирање на работници со редовно вработување бр. 04-286/1 од 01.08.2011 година.
- Известување. Врска: Ваше барање бр.02-26799/2 од 17.08.2010 година.
- Барање за одобрување на работни места на неопределено работно времебр. 04-849/1 од 06.11.2013 година.
- Известување, Ваше барање бр.04-849/2 од 18.12.2013 година.
- Барање за обновување на согласноста за обезбедени финансиски средства за две вработувања во Агенција за филм на Република Македонија бр.04-849/3 од 20.12.2013 година.
- Известување, Врска: Ваше барање бр.02-34203/4 од 30.12.2013 година.

**Извадоци од Нацрт – записници на Владата на Република Македонија**

-Извадок одН ацрт- записникот од Сто и осумдесетата седница на Владата на РМ. Одржана на 30.08.2010 година. бр.03-403/2 од 03.09.2010 година.

-Извадок од Нацрт-записникот од Сто осумдесет и третата седница на Владата на РМ , одржана на 14.09.2010 година.бр.03-439/1 од 21.09.2010 година.

-.Извадок од Нацрт – записникот од Двесте дваесет и петтата седница на Владата на РМ, одржана на 5.04.2011 година. бр. 03-130/7 од 07.04.2011 година.

-Извадок од Нацрт – записникот од Седумдесет и петтата седница на Владата на РМ, одржана на 31.07.2012 година бр. 03-66/12 од 01.08.2012 година.

- Извадок од Нацрт – записникот од Сто шеесет и деветтата седница на Владата на РМ, одржана на 29.06.2010 година. бр. 03-230/8 од 02.07.2010 година.

- Извадок од Нацрт – записникот од Седумдесет и петтата седница на Владата на РМ, одржана на 31.07.2012 година. бр.03-11/15 од 14.08.2012 година.

-Извадок од Нацрт- записникот од Двесте дваесет и четвртата седница на Владата на РМ, одржана на 29.03.2011 година.бр. 03-115/6 од 04.03.2011 година.

**Денарска и Девизна Благајна за-2012 година.**

- Касов извештај 01-01-2012 - 31-12-2012
- Благајнички извештај од 05-01-2012
- Благајнички извештај од 29-02-2012
- Благајнички извештај од 07-03-2012
- Благајнички извештај од 13-03-2012
- Благајнички извештај од 21-03-2012
- Благајнички извештај од 26-03-2012
- Благајнички извештај од 29-03-2012
- Благајнички извештај од 05-04-2012
- Благајнички извештај од 25-04-2012
- Благајнички извештај од 30-04-2012
- Благајнички извештај од 09-05-2012
- Благајнички извештај од 17-05-2012
- Благајнички извештај од 18-05-2012
- Благајнички извештај од 31-05-2012
- Благајнички извештај од 30-06-2012
- Благајнички извештај од 31-07-2012
- Благајнички извештај од 31-08-2012
- Благајнички извештај од 30-09-2012
- Благајнички извештај од 31-10-2012
- Благајнички извештај од 13-12-2012
- Касов извештај 01-01-2012-31-12-2012
- Балгајнички извештај од 10-01-2012
- Благајнички извештај од 24-01-2012
- Благајнички извештај од 07 -02-2012
- Благајнички извештај од 15-02-2012
- Благајнички извештај од 20-02-2012
- Благајнички извештај од 05-03-2012
- Благајнички извештај од 19-03-2012
- Благајнички извештај од 17-04-2012
- Благајнички извештај од 23-04-2012

- Благајнички извештај од 07-05-2012
- Благајнички извештај од 29-05-2012
- Благајнички извештај од 03-07-2012
- Благајнички извештај од 16-07-2012
- Благајнички извештај од 16-07-2012
- Благајнички извештај од 10-08-2012
- Благајнички извештај од 29-08-2012
- Благајнички извештај од 10-09-2012
- Благајнички извештај од 01-10-2012
- Благајнички извештај од 22-10-2012
- Благајнички извештај од 06-11-2012
- Благајнички извештај од 12-11-2012
- Благајнички извештај од 17-11-2012
- Благајнички извештај од 30-11-2012
- Благајнички извештај од 04-12-2012
- Благајнички извештај од 31-12-2012

**Извештај за реализација на финансиските средства од буџетот за филмска програма за 2012 година, на Филмски Фонд на Република Македонија Скопје**

Филмски Фонд на Р. Македонија
ул. 8 Март бр. 4, 1000 Скопје, Р. Македонија
Macedonian Film Fund
st. 8 Mart no. 4, 1000, Skopje, Republic of Macedonia
tel. + 389 2 3224 100 fax. + 389 2 3224 111
www.filmfund.gov.mk / e-mail: contact@filmfund.gov.mk

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ФИЛМСКИ ФОНД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 46/3
10.02. 2014 год.
СКОПЈЕ

ДО: Државен завод за ревизија и
Министерство за култура на РМ

ОД: Филмски Фонд на РМ

Предмет: Доставување на дополнителни информации за забелешки по Нацрт извештај
Врска: Забелешки по Нацрт извештај бр.03-46/1 од 24.01.2014 г.

Почитувани,

Врз основа на одржан состанокот одржан во просториите на ДЗР на ден 04.02.2014 г. помеѓу претставници на ФФРМ и на ДЗР а во врска со Нацрт Извештај ваш бр. 21-225/5 од 2612.2013 г. и Забелешките по нацрт извештајот наш. бр. 03-46/1 од 24.01.2014 г., Агенцијата за филм на РМ (правен наследник на ФФРМ согласно член 61 од Законот за Филмската дејност) до ДЗР доставува дополнителна документација како доказ за тврдењата на ФФРМ за пооделни точки на Нацрт Извештајот за неправилно увидена состојба при вршење на ревизијата од страна на ДЗР.

Согласно горенаведеното:

<u>Точка I</u> Во врска со **потточка 3.1.1** во однос на констатацијата дека недостасуваат најмалку два благајнички извештаи во двете благајни, во дописот бр.03-46/1 од 24.01.2014 г. бвте информирани дека:

* За <u>денарската благајна</u> направени се благајнички извештаи за сите месеци, освен за месец Ноември, како и сите сметки се потпишани од позадинската страна од лицата во установата кои ги користеле, додека на предната страна сите сметки се потпишани од страна на раководното лице кое ги одобрува. Сите сметки се подредени хронолошки согласно временскиот период на настанување на промените. Во однос на причина за неизработката на благајнички извештај за месец Ноември е поради тоа што во овој месец салдото на готовина со која располага благајната е со износ од 526,00 денари, и во овој месец воопшто немало подигање на готовина. Износот со кој располагала благајната бил недоволен за исплата на сметките и истиот износот е пренесен како салдо во месец Декември (оваа состојба ќе била увидена од ваша страна доколку детално сте направиле увид во благајничкиот извештај од 31.10.2012 год.).

**Како доказ за нашите тврдења по однос на оваа потточка во прилог ви доставуваме дополнителна документација :**

1. Благајнички извештај за период од 01.01.2012 до 31.12.2012 година,
2. финансова картичка конто 101000-благајна денарска,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 12.02.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 21 - 132/2 | | | |

3. касов извештај за период 01.01.2012 до 31.12.2012 година

Во приложените докази се гледа вкупната кумулатива односно вкупниот износ на потрошените парични средства каде што и во двете евиденции ( касов извештај (благајнички извештаи) и финансовата картичка) се гледа дека износот е еднаков.

* За девизната благајна се направени сите благајнички извештаи за сите месеци, освен за Јуни причина за ова е што во овој месец не постои раздолжување по патен налог, односно нема промена на салдото во девизната благајна.

**Како доказ за нашите тврдења по однос на оваа потточка во прилог ви доставуваме дополнителна документација:**

1. Благајнички извештај за период од 01.01.2012 до 31.12.2012 година,
2. финансова картичка конто 106000-благајна девизна,
3. касов извештај за период 01.01.2012 до 31.12.2012 година

Од приложените докази се гледа дека за месец јуни 2012 година нема промена од причина што во тој месец нема патен налог.
Исто така во приложените докази се гледа вкупната кумулатива односно вкупниот износ на потрошените парични средства каде што и во двете евиденции ( касов извештај (благајнички извештаи) и финансовата картичка) се гледа дека износот е еднаков

**Точка II** Во врска со **точката 3.2.** во однос на констатацијата дека преку сметката на ФФРМ во текот на 2012 г. е обезбедена финансиска поддршка за проекти кои се составен дел на Годишната програма и за истите се исплатени вкупен износ од 217.730 илјади денари за 31 филмски проекти како и 4.647 илјади денари за останатите активности на ФФРМ, во дописот бр.03-46/1 од 24.01.2014 г. бвте информирани дека: од нашата документација увидено е дека сте направиле превид во горенаведените износи, како и бројот на проекти и износи по останатаи активности во ФФРМ, односно во текот на 2012 г. по Годишна програма е исплатено вкупен износ од 216.716 илјади денари за 29 филмски проекти, за филмски фестивали и манифестации во земјата е исплатен вкупен износ од 3.711.832,00 денари и 1.144.464,50 денари за останатите активности на ФФРМ. Во прилог Ви беше доставен Извештај за реализација на финасиските средства од буџетот за филмска програма за 2012 година на ФФРМ со деталeн опис на сите исплати.
Појаснување за направениот превид во нацрт извештајот: од направениот увид од ваша страна во 19 филмски проекти од кои 18 филмски проекти имале исплата во 2012 г.за кои од страна на ФФРМ е исплатен вкупен износ од 211.776 илјади денари. Во оваа година ФФРМ врши исплата на заостанати или започнати обврски по проекти за уште 10 филмски проекти и по истите е исплатен вкупен износ од 4.940 илјади денари. Согласно ова во 2012 г. е обезбедена финасиска подршка за проекти кои се составен дел од Годишната програма и за истите се исплатени вкупен износ од 216.716 илјади денари за вкупно 29 филмски проекти. Согласно ова во 2012 г. по Годишната програма од страна на ФФРМ се исплатени средства во вкупен износ од 216.716 илјади денари за вкупно 29 филмски проекти со што даваме податок дека дека финансиската

и сметководсвената евиденација го дава точниот податок кој вие не сте го увиделе и утврдиле во нацрт извесајот правилно.

**Како доказ за нашите тврдења по однос на оваа точка во прилог ви доставуваме :**

1. Картичка на Коминтент за конто 741113 сите трансфери од Буџетот на РМ
2. Финансиска картичка од Конто 245500 Краткорочни побарувања по договори за комитетнти со следните броеви: 123- Триангл, 283- Систер и брадр Митевски, 254-Кино око, 133- Дрим Фектори, 236 Сектор Филм, 129-Кавал Филм, 214-Панк Филм ДООЕЛ, 140- Скопје Филм Студио, 129-Кавал Филм, 143-Лина Р Прес, 129-Кавал Филм, 142-3х ДОО, 416-Веда Филмс ТП, 140- Скопје- Филм Студио, 296- Наше Маало, 431 Револутион, 432 Марни Филмс, 274- Арнел Продакшен, 334- МЦФ Продукција,133-Дрим Фектори, 275- Арка Медија ДОО, 260 -Авард Филм и Видео, 296-Наше Маало, 329- XXX 3Д ДОО, 453- Визиони плус, 446 -Сити Стар ДООЕЛ, 211- Трис Филмс, 454- Флип бук ДООЕЛ, 206 -Македонска Крепост ДООЕЛ

Од приложениот доказ бр. 1 се гледаат сите исплати по договори за проектите со датум од 01.01.2012 до 31.1.12.2012 г. вкупен износ од 216.716 илјади денари.
Од приложените докази под бр.2 може да се увиди дека во 2012 година се исплатени вкупно 29 проекти.

<u>Точка III</u> Во врска со потточка 3.2.7 во однос на забелешката дека за три долгометражни филмски проекти фондот има исплатено поголема финансиска поддршка во висина која го надминува максималниот износ од 30.000.000 денари кои износ е предвиден во интерен акт донесен од Управниот одбор на фондот и со конкурсот во дописот бр.03-46/1 од 24.01.2014 г. бевте информирани дека овие проекти го надминуваат максималниот износ согласно извадоци од нацрт записници од страна на Владата на РМ со кои се задолжува во дел Министерството за култура, во дел Филмскиот фонд да ги обезбеди дополнителните средства во буџетските години 2011 год., 2012год. и 2013 год. и тоа со следниве извадоци од нацрт записници: извадок од нацрт записник бр. 51-17/180 од 30.08.2010 год., извадок од нацрт записник бр. 51-17/183 од 14.09.2010 год, извадок од нацрт записник бр.51-2411/1 од 5.04.2011, извадок од нацрт записник бр.41-17/75 од 1.08.2012 год., извадок од нацрт записник бр. 51-17/169 од 01.07.2010 год., извадок од нацрт записник бр.51-2411/1 од 05.04.2011 год., извадок од нацрт записник бр.41-17/75 од 01.08.2012, извадок од нацрт записник бр.51-1415/1 од 30.03.2011 год. кои ви беа доставени во прилог на дописот бр. бр.03-46/1 од 24.01.2014 г.

**Дополнително како доказ за нашите тврдења по однос на оваа точка во прилог ви доставуваме** документација за доделување на дополнителни средства за ДМ „Трето Полувреме" со цел докажување дека ФФРМ ги има предупредено надлежните институции дека од страна на ФФРМ за проектот е доделен максимален износ од 30.000.000 денари согласно Правилникот на УО :

1. Барање за дополнителни финансиски средства бр. 03-230/5 од 27.05.2010 година

2. Барање за дополнителни финансиски средства бр.03-230/6 од 02.06.2010 година со прилог на следните документи:

- Допис- Кино око дооел бр.08-230/3 од 05.05.2010 година
- Информација до ГС на Владата на РМ од мај 2010 година во прилог со
- Допис : За информирање од Влада на РМ бр. 03-71/2 од 15.03.2010 година
- Мислење од Министерство за Култура бр. 15-2368/2 од 18.02.2010 година

<u>Точка IV</u> Врз основа на вашиот наод со кој констатирате дека 15 филмски проекти подржани во период од 2008 до 2012 год ја имаат надминато подготвителната фаза на реализација на проектот во дописот бр.03-46/1 од 24.01.2014 г бевте известени дека е очигледно дека вашата констатација се однесува на фазата пред-продукција на проектот, односно проекти кои имаат потпишано пред-договор. Доколку е точна нашата интерпретацијата на вашето тврдење напоменуваме дека од вкупно подржани 130 филмски проекти, проекти кои ја имаат надминато подготвителната фаза на реализација на проектот се вкупно 7 филмски проекти, односно 4 ДМ и 3 ДОК. Од вкупните 7 филмски проекти кои ја имаат надминато фаза се донесени следниве акти:

За 1 ДМ со одлука бр. 07-232/2 од 01.06.2011 год. , одлука бр.07-581/2 од 28.12.2011 год. и одлука бр. 07-821/5 од 26.12.2012 год. се продолжува рокот за затварање на финансиската конструкција и истиот врз основа на доставена документација е утврдено дека буџетот е затворен со што истиот во текот на јануари ќе пристапи кон потпишување на договор и ќе започне истиот месец со реализација на проектот. Причина за надминувањето на рокот за подготвителна фаза е рецесијата која го зафати целиот свет која допринесе за неможност и отежнување на ноѓање на кофинансиери за затварање на целокупниот буџет.

**Како доказ за нашите тврдења по однос на оваа точка во прилог ви доставуваме дополнителна документација:**

1. Записник од одржана седница на Управниот Одбор на НУ Филмски Фонд на РМ на ден 09.10.2013 година бр. 07-689/1 од 10.10.2013 година (точка 2)
2. Записник од одржана седница на Управниот Одбор на НУ Филмски Фонд на РМ на ден 26.12.2012 година бр. 07-821/6 од 26.12.2012 година (точка 7)
3. Записник од одржана седница на Управниот Одбор на НУ Филмски Фонд на РМ на ден 20.08.2013 година бр. 07-556/1 од 20.08.2013 година (точка 4)
4. Записник од одржана седница на Управниот Одбор на НУ Филмски Фонд на РМ на ден 03.09.2013 година бр. 07-570/1 од 03.09.2013 година (точка 3)

За 1 ДМ со одлука за престанок на финансирање на проектот бр. 07-821/3 од 26.12.2012 год. донесена од страна на УО престанува да се финансира проектот како и продуцентот е задолжен да ги врати дотогаш исплатените средства за проектот со рок до 26.12.2013 год.

**Како доказ за нашите тврдења по однос на оваа точка во прилог ви доставуваме дополнителна документација:**

1. Одлука за престанок на финансирање на проектот „Оазата" во режија на Борис Дамовски бр. 07-821/3 од 26.12.2012 година

За 1 ДМ поради истек на рокот за затварање на финансиска конструкција и поради неисполнување на обврските од преддоговорот, односно не доставување на известување за состојбата на проектот согласно заклучок на УО од оддржана седница на ден 07-993/1 од 30.12.2013 год. кој гласи дека "средствата во максимален износ од 30.000.000 милиони денари се одобрени со одлука на УО врз основа на етаблираноста на режисерот наведен во апликацијата, од друга страна истечен е рокот за затварање на финансиската конструкција на пред-договорот бр. 03-274/7 од 29.12.2011 год. склучен помеѓу ФФРМ и Продуцентската куќа, поради што истиот се раскинува согласно законот за облигациони односи. Согласно овој заклучок УО го задолжи директорот на ФФРМ во рок од 15 дена да достави писмено известување за раскинување на пред-договорот до продуцентската куќа и по доставување на истата да донесе одлука за промена на Годишна програма во која е одобрен проектот"

**Како доказ за нашите тврдења по однос на оваа точка во прилог ви доставуваме дополнителна документација:**

1. Записник од одржана седница на Управниот Одбор на НУ Филмски Фонд на РМ на ден 27.12.2013 година бр. 07-993/1 од 30.12.2013 година (точка 7)
2. Записник од одржана седница на Управниот Одбор на НУ Филмски Фонд на РМ на ден 28.03.2012 година бр. 07-227/4 од 28.03.2012 година (точка 9)

<u>Точка V</u> Во врска со потточка 3.3.2. во однос на забелешката дека за три долгометражни филмски проекти фондот има исплатено поголема финансиска поддршка во висина која го надминува максималниот износ од 30.000.000 денари кои износ е предвиден во интерен акт донесен од Управниот одбор на фондот и со конкурсот во дописот бр.03-46/1 од 24.01.2014 г. бевте информирани дека досега ФФРМ со УО поради увидување дека средствата на име на проектот се ненаменски или незаконски трошени ги има одземено, односно не извршил уплата на средствата во износот кој е утврден како подршка на име на проектот. Доколку е увидено дека последната уплата не ја покрива вкупниот износ кој што од страна на финансискиот сектор е увидено дека е ненаменски потрошен, УО го задолжува да ги врати на наменската сметка на проектот и да постапи кон исполнување на обврските по буџет.

**Како доказ за нашите тврдења по однос на оваа точка во прилог ви доставуваме дополнителна документација :**

**1. ДМ „ Татко "**

1. Конечен извештај за извршен увид на поднесен финансиски извештај до НУ Филмски Фонд на РМ Скопје за доделени строго наменски парични средства бр.08-571/1 од 05.10.2012 год.
2. Одлука бр. 07-545/2 од 26.09.2012 год.
3. Решение за одземање на средства бр. 07-571/2 од 29.10.2012 год.

**2. КМ „Маратонист“**

1. Конечен извештај за извршен увид на поднесен финансиски извештај до НУ Филмски Фонд на РМ Скопје за доделени строго наменски парични средства за продукција на филмскиот проект „Маратонист“ бр.08-228/4 од 02.12.2011 год.
2. Одлука за престанок на финансирање на проект „Маратонист“ во режија на Роберт Бачај бр. 07-557/1 од 12.12.2011 година

**3. ДМ „Д-Скопје “**

1. Одлука бр.07-821/4 од 26.12.2012 година

По однос на оваа потточка дополнително во прилог Ви доставуваме и одлуки на УО согласно кои проекти кои се одобрени по Годишна програма 2008, 2010, 2012 се тргнати односно избришани од Годишна програма

**4. АМ „Огнената змија и воденото коњче“** (Годишна програма 2012 )

1. Известување за затворање на наменска сметка (од Македонска Крепост) бр. 08-742/1 од 28.10.2013 година
2. Одлука за престанок на финансирање на проект „Огнената змија и воденото коњче“ во режија на Гоце Цветановски бр. 07-742/2 од 28.10.2013 година
3. Периодичен преглед на приливи по трансакции за период 01/10/2013 до 05/11/2013 г. за повраток на средствата

**5. КМ „Пари“** (Годишна програма 2010 )

1. Одлука за нефинансирање на проект „Пари“ во режија на Дарко Белов бр. 07-514/3 од 22.11.2011 година

**6. КМ „Оди“** (Годишна програма 2008 )

1. Одлука за нефинансирање на проект „Оди“ во режија на Горан Вучиќ - студенски филм бр.07-514/2 од 22.11.2011 година

Согласно горенаведените дополнителни докази како и забелешки по нацрт извештајот кој ФФРМ со допис бр.03-46/1 од 24.01.2014 г. ги достави до ДЗР, ве молиме при изработка на конечниот извештај истите да ги опфати како и поради сопствен превид во целокупната ревизија за точки согласно кој го давате своето негативно мислење со дополнителните докази и забелешки ФФРМ очекува истото да биде променето, односно позитивно.

**Со почит,**
**Филмски Фонд на РМ**

Дарко Башески,
Директор

**Прилог 2**

**Одговор на забелешки**
**по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 27.01.2014 година под архивски број 21 – 132/1 добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Овластениот државен ревизор од Филмскиот фонд на РМ, сметка на основен буџет 603-17. На ден 12.02.2014 добиен е допис со прилог докази како одговор/забелешки на Нацрт извештајот, заведени под бр. 21-132/2. Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и по истите е констатирано следното:

1. Забелешката на наодот од Менаџерскиот извештај која се однесува на актот за систематизација на ФФРМ, не е составен дел на наодите содржани во Нацрт извештајот и согласно методологијата за работа на ревизијата не се зема предвид при одговор на забелешките кон Нацрт извештајот.

2. Забелешката на наодот во точката **3.1.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на потребата од воспоставување на систем на интерни контроли со кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите на вработените во секторот за финансиско работење, **не се прифаќа.** Според моменталната кадровска состојба има услови да се воспостави минимално потребното ниво за дефинирање и разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во овој сектор, а потреба од вработување на дополнителен број лица се јавува со оглед на обврската ФФРМ да оформи единица за внатрешна ревизија и истото е наведено во Конечниот извештај во точка 3.2.5. Во врска со наводите за имплементација и сертификација на ИСО 9001 стандарди, во фазата на извршување на ревизијата не добивме доказ дека истите се изработени и имплементирани поради што нема основ, ниту потреба истото да се наведе во извештајот, особено имајќи во предвид што и во текстот од забелешката е наведено дека истите не биле имплементирани во 2013 година.
   - Забелешката по наодот во алинеа 1 од оваа точка во врска со недостатоци при евидентирањето на финансиските промени во двете благајни **делумно се прифаќа** и од текстот на наодот се брише реченицата ”При увидот во документацијата утврдивме и дека недостигаат најмалку два благајнички извештаи во двете благајни” со оглед на тоа што со забелешките од 12.02.2014 во прилог беа доставени целосни и хронолошки коректни благајнички извештаи за двете благајни. Укажуваме дека доставените благајнички извештаи за двете благајни како прилог кон забелешката не се потпишани и не се истите кои имавме прилика да ги ревидираме во фазата на извршување на ревизијата поради што остатокот од текстот во овој наод останува непроменет.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ________________ ________________________
2. ________________

- Забелешката на алинеа 3 од оваа точка околу висината на благајничкиот максимум **не се прифаќа**. Од приложената документација со забелешките утврдивме дека ФФРМ нема евидентирано дадени аванси за службен пат, ниту до крајот на годината е извршено целосно задолжување на вработените за примени аванси во сметководствената евиденција. Ова овозможува раздолжувањето за примените средства да се врши по истекот на законски предвидените рокови што упатува на времено финансирање на поединци.

3. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.2.** од Нацрт извештајот во врска со износот кој е исплатен од страна на ФФРМ за реализација на филмски проекти и останати активности на ФФРМ ве известуваме дека податоците кои се наведени во Извештајот за реализацијата на финансиските средства од Буџетот на ФФРМ и доставените забелешки не се во согласност со прикажаните податоци во официјалната Завршна сметка и сметководствената евиденција на ФФРМ како и извршениот увид во документацијата од избраниот примерок за ревизија на конто 464 – Разни трансфери како и сите негови аналитички конта од кои ги црпевме податоците за вкупно реализираните средства наведени во оваа точка од Нацрт извештајот. Од повторната анализа утврдивме дека доставениот извештај како прилог кон забелешките е нецелосен и содржи погрешни податоци за бројот на филмски проекти кои добиле финансиска поддршка од страна на ФФРМ по сите основи, при што во сметководствената евиденција на наведените аналитички конта откривме 31 проект, наспроти 29 проекти кои се наведени во извештајот. Кај два проекти наведениот износ на реализирани средства во доставениот извештај е понизок во однос на износот кој е сметководствено евидентиран. Ваквата нецелосна анализа доведува до разлика која е наведена во примените забелешки во висина од 1,015 илјади денари. Дел од наведените активности на ФФРМ во поглед на проект за оспособување на кино сали, други активности во странство итн. се финансирани со средства кои согласно на сметководствената евиденција на ФФРМ се исплатени од групата 42 – Стоки и други услуги, спротивно на доставениот извештај во кој е наведено дека истите се реализирани од ставката разни трансфери (конто 464). Вака подготвениот извештај не одговара на прикажаните податоци во сметководствената евиденција и упатува на заклучок дека е извршено трошење на средства за намени кои не се во согласност со буџетираните. Поради погоре наведеното примената забелешка кон овој наод **не се прифаќа**.

4. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.2.1**. од Нацрт извештајот, во врска со бројот на филмски проекти кои не ја надминале фазата на предпродукција (подготвителна фаза), **делумно се прифаќа** . Имено од доставената документација со забелешките утврдивме дека кон крајот на 2013 година Управниот одбор на ФФРМ има донесено одлуки со

кои на еден ДМ филмски проект му е прекинато финансирањето, на еден ДМ му е продолжен рокот на реализација за 2014 година, а за друг анимиран филм продуцентот го известил ФФРМ дека го повлекува проектот поради промена на форматот и ги вратил доделените средства. Преку алтернативни постапки утврдивме дека по завршувањето на ревизијата започна продукција на еден ДМ проект, поради што бројот на проекти наведени во Нацрт извештајот кои не ја надминале подготвителната фаза се намалува од 15 на 10 проекти (еден проект е два пати наведен во добиените прегледи) и оваа измена ќе биде содржана во текстот на Конечниот извештај. Искажаното во забелешката во врска со начинот на вршење на избор на филмски проекти кои ќе бидат финансиски поддржани од страна на ФФРМ не содржи нови информации кои би влијаеле врз промена на текстот на наодот.

5. Забелешката на наодот во точката **3.2.2 алинеа 1** од Нацрт извештајот која се однесува на потребата од дефинирање на Конечна верзија на буџетот на филмскиот проект и негово прикачување како прилог кон договорот за финансирање што ќе овозможи поедноставно вршење на контролата на наменското користење на средствата, **не се прифаќа,** од причини што со искажаното во образложениeто на субјектот не се наведени нови информации кои не ни беа познати во фазата на извршување на ревизијата. Потребата од дефинирање на Буџет на проектот и негово прикачување како прилог кон склучените договори произлегува од законската обврска за вршење на контрола на наменското и законското користење на доделените средства на продуцентските куќи и од самите одредби на договорите меѓу ФФРМ и продуцентските куќи во кои е наведено дека продуцентот ќе ги употребува средствата за покривање исклучиво на трошоците кои се предвидени во Буџетот на Филмот. Пополнет и доставен Буџет на проектот, исто така е еден од документите кои се бара задолжително да биде доставен од страна на продуцентските куќи при поднесувањето на документацијата во врска со објавениот Конкурс за финансиска поддршка. Значењето на Буџетот во поглед на развојот на филмскиот проект, ФФРМ го потенцира и во забелешката по точката 3.2.6. и 3.3.2. Особено, за ревизијата е неприфатлива е подготвеноста на ФФРМ да продолжи со финансирање продуцентски куќи и продуценти кај кои е констатирано ненаменско и незаконско трошење на доделениете средства што е наведено во забелешката и тоа: „Доколку не е во можност овие средства да ги врати (се мисли на ненаменски и незаконски потрошените средства) истите ФФРМ ќе му ги одземе од првиот нареден одобрен проект“.
Забелешката на наодот во точката **3.2.2 алинеа 2** од Нацрт извештајот која се однесува на потребата од терминолошко дефинирање (класифицирање) на креативните и останатите позиции во Буџетот на проектот кои се неопходни за реализација на истиот, **не се прифаќа,** поради тоа што не се доставени докази кои би не увериле во непостоење на можност и

непрактичност да се изврши унифицирање на сите акаунти, линии или ставки во буџетите кои се доставуваат до ФФРМ.

6. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.2.3.** од Нацрт извештајот во врска со потребата од поедноставување на системот за вршење на финансиска контрола и зголемување на ефикасноста на истата **не се прифаќа.** Со наодот и препораката на ревизијата не се предвидува изготвување на посебни завршни сметки за секој проект поединечно и е оставена можност на ФФРМ да обезбеди начин на соодветно поврзување на доставената финансиска документација која претставува основ за плаќање со промените евидентирани во банковите изводи со што ќе се задоволат барањата на законските прописи од областа на сметководственото работење во насока на создавање на услови за брза и ефикасна финансиска контрола. Објаснувањето дека продуцентските куќи можат да вршат позајмици на средства од една сметка на друга е несоодветно, имајќи ги предвид одредбите во склучените договори меѓу ФФРМ и продуцентските куќи согласно на кои одобрените средства можат да се користат исклучиво за реализација на конкретен филмски проект.

7. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.2.4**. од Нацрт извештајот во врска со потребата од спроведување на постапка за јавни набавки во поедини ситуации од страна на продуцентските куќи **не се прифаќа,** од причини што со посочениот член 8 од Законот за јавни набавки, се однесува на купување, развој, продукција и копродукција на програмски материјали од страна на **радио и телевизиски куќи,** кои немаат добиено финансиска поддршка од страна на ФФРМ.

8. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.2.5**. од Нацрт извештајот во врска со потребата од воспоставување на единица за внатрешна ревизија, **се прифаќа.** Направена е техничка грешка и во текстот е наведен членот 31 алинеа 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, наместо членот 31 алинеа 1 од истиот Закон. Текстот на наодот се менува и гласи: „Согласно член 30 и 31 алинеа 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола субјектите од јавниот сектор задолжително основаат единица за внатрешна ревизија со раководител и еден внатрешен ревизор доколку просечниот буџет на субјектот надминува 50 милиони денари за последните три години“. Останатиот текст во наодот не се менува.

9. Забелешката на наодот од точката **3.2.6.** од Нацрт извештајот, која се однесува на непочитување на динамиката на исплата на средства за финансирање на поодделните фази од создавање на филмот утврдени со договорот кои претставуваат и солидна основа за следење на наменското трошење на средства при што би се оневозможило евентуални ненаменски исплати, **не се прифаќа,** со оглед на тоа што во изнесеното од страна на

ФФРМ не се понудени аргументи и докази кои би влијаеле врз промена на наодот, туку само образложение на констатираната состојба. И покрај наведената динамика на исплата содржана во договорите за финансирање на проекти поврзани со поодделните фази од подготовка на филмот контролата на наменското трошење на средствата се врши по исплата на најголемиот дел (80-90%) од средствата како резултат на неизвршеното екипирање на единица за внатрешна ревизија што е наведено и во точката 3.2.5 од Нацрт извештајот.

10. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.2.7**. од Нацрт извештајот во врска со исплатата на поголема финансиска поддршка од, согласно усвоените интерни акти на ФФРМ, максимално дозволениот износ од 30.000 илјади денари, **се прифаќа,** со оглед на тоа што со ново усвоениот Закон за филмска дејност гореспоменатите проблеми околу финансирањето на филмските проекти се надминати. Наодот од оваа точка во Конечниот извештај се брише.

11. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.3.1**. од Нацрт извештајот во врска со забележани одредени неправилности околу спроведениот Попис на средствата и изворите на средства **не се прифаќа,** од причини што со искажаното во забелешката се потврдуваат констатациите на ревизијата.

12. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.3.2**. од Нацрт извештајот во врска со констатираните неправилности при исплатата на разни трошоци во готовина од страна на продуцентските куќи **не се прифаќа.** ФФРМ согласно на Законот за филмски фонд и склучените договори има недвосмислена надлежност да врши контрола над законското и наменското трошење на средствата кои се доделени од страна на ФФРМ за реализација на филмските проекти. Во прилог кон забелешката не е доставен доказ кој укажува на воспоставена уредна евиденција за готовинското работење преку благајната од страна на продуцентските куќи во согласност со законките прописи од областа на сметководственото работење за приватниот и јавниот сектор. Утврдените исплати на бланко сметкопотврди и сметкопотврди и фискални сметки со нејасна содржина е документирана од наша страна, а за овие трошоци од страна на ФФРМ се уште не е соодветно постапено. Во однос на дополнително примените забелешки по оваа точка од анализа на доставената документација утврдивме следново:
    - Извршено е намалување на износот на средства доделени од страна на ФФРМ поради утврдено ненаменско трошење на средства кај два проекти што не беа предмет на ревизија, односно не беа вклучени во ревизорскиот примерок;
    - Дадената забелешка за еден проект се однесува за наодот во точка 3.3.6. од Нацрт извештајот и за истата е даден одговор во точката 16 од

Одговорот по забелешките;

- Забелешката за АМ се однесува на наодот во точката 3.2.1 и наведениот поврат на средства е извршен поради откажување од проект од страна на продуцентот, а не поради констатирано ненаменско трошење на средства;
- За преостанатите два проекти воопшто не биле исплатени средства, поради што не може да стане збор за одземање на средства од страна на ФФРМ како резултат на констатирано ненаменско трошење.

Ефикасноста на мерките кои се усвоени со новиот Закон за филмска дејност кој стапи на сила од 01.01.2014 година ќе бидат предмет на ревизија на Агенцијата за филм во наредниот период.

13. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.3.3**. од Нацрт извештајот во врска со слабости кои се констатирани при исплатата на трошоците околу реализацијата на филмските проекти, **не се прифаќа**. Извршеното одземање на средства се однесува на наодот кој е наведен во точката 3.3.6. од Нацрт извештајот, а не и за констатациите во врска со оваа точка. Наодот ја потенцира потребата ФФРМ/АФ да настојува најголем дел од државните средства, кои ги издвојува преку својот буџет за поддршка на филмски проекти, да се насочуваат кон креативните позиции од развојот на филмскиот проект со истовремено ограничување на исплатите на останатите позиции. Потребата од наведеното е потенцирана и со усвојување на Законот за филмска дејност во делот на членот 28. Од страна на ФФРМ со забелешките не беше доставена документација како доказ за наводите во врска со извршени анализи на буџетот и дадени согласности за измени во буџетите на проектите, промени на позиции, појава на нови позиции итн. Препораката во однос на неприфаќање на исплати по договори и фактури за реализација на филмски проекти со датум по целосно реализирање на проектот, се однесува за наодот во алинеата 4 од оваа точка на Нацрт извештајот кој е сосема јасно дефиниран и истата треба да се има предвид за сите понатамошни проекти финансирани од ФФРМ/АФ.

14. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.3.4**. од Нацрт извештајот во врска со констатирани слабости за реализацијата на проектите од страна на продуцентските куќи, **не се прифаќа** од причини што со истата не се понудени аргументи кои би придонеле за промена на состојбата утврдена со наодот и претставува известување за идни активности на ФФРМ/АФ.

15. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.3.5**. од Нацрт извештајот во врска со третманот на набавените предмети и опрема по реализацијата на филмските проекти, **не се прифаќа,** од причина што изнесеното претставува информација за планирани идни активности кои ќе бидат предмет на наредна ревизија на АФ.

16. Забелешката која се однесува на наодот во точката **3.3.6**. од Нацрт извештајот во врска со констатираната набавка на разна опрема која не може да се доведе во врска со реализацијата на филмските проекти **се прифаќа.** И покрај тоа што доставената документација за извршеното намалување на доделените средства не го опфаќа во целост износот кој е наведен во Нацрт извештајот разликата не е со висока материјална значајност поради што наодот во оваа точка се брише од текстот на Конечниот извештај.

Врз основа на горенаведените одговори на забелешките и важечките законски прописи од обласна на сметководството за буџети и буџетски корисници, недоволно обезбедената контрола врз наменското и законско трошење на средствата од страна на продуцентските куќи, нема влијание врз финансиските извештаи на ФФРМ, согласно буџетското начело на евидентирање на финансиските трансакции. Поради тоа одлучивме да го промениме ревизорското мислење за реалноста и објективноста на финансисите извештаи и тоа од негативно мислење во мислење со резерва, што ќе биде рефлектирано во Конечниот ревизорски извештај.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ________________ ___________________________
2. ________________